| 15. | Кривца Имране | V-3 | 21 |
| 16. | Јасмина Анакиоска | III-VI Англиски јазик | 21 |
| 17. | Оливероска - Трајкоска Билјана | I-II Англиски јазик | 8 |
| 18. | Филип Мојсовски | I-IV Физ.и здр.образование | 24 |

## Предметна настава

| Р.б | Наставник | Наст.часов | Одд.час | Допол.часов | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Арсова Биљана | 21 | VIII -1 | | 22 |
| 2. | Марија Митреска | 16 | | | 16 |
| 3. | Ганиу Фатон | 18 | VIII-3 | 6 | 25 |
| 4. | Србиновска Благица | 20 | IX -1 | | 21 |
| 5. | Цекова Маја | 20 | IX -2 | | 21 |
| 6. | Гани Сание | 20 | IX -3 | | 21 |
| 7. | Јорданов Габриела | 20 | VIII-2 | | 21 |
| 8. | Димоска Марина | 12 | VI-1 | 8 | 22 |
| 9. | Елмерина Фазлиу | 20 | | | 21 |
| 10. | Чочова Ели | 18 | VII-1 | | 19 |
| 11. | Медарска Маја | 20 | VII-2 | | 21 |
| 12. | Емини Илфие | 22 | VII-3 | | 23 |
| 13. | Јездиќ Јасмина | 22 | VI-2 | | 23 |
| 14. | Тасевски Александар | 21 | | | 21 |
| 15. | Костовски Дарко | 24 | | | 24 |
| 16. | Димитрова Марија | 8 | | да | 20 |
| 17. | Симиќ Огнен | 16 | | 4 | 20 |
| 18. | Анчевска Славица | 6 | | 15 | 21 |
| 19. | Николовска Валентина | 4 | | 16 | 20 |
| 20. | Сакипи Ќамуран | 10 | | | 10 |
| 21. | Елези Вјоса | 25 | VI-3 | | 25 |
| 22. | Кузмановска Анета | 14 | | 8 | 22 |
| 23. | Ибрахим Демири | 10 | | да | 23 |
| 24. | Ваљбон Беџети | 10 | | да | 20 |
| 25. | Мамути Амир | 3 | | не | 3 |
| 26. | Билјана Димитрова | 6 | | | 6 |
| 27. | Теута Хаскај Војника | 8 | | да | 20 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 28. | Радица Цветковска П. | 2 | | да | 20 |
| 29. | Сабир Ајрула | 12 | | не | 12 |

## 8.3. Работа во смени

Училиштето организира задолжителна настава за сите ученици од прво до деветто одделение. Учениците од прво и четврто одделение кои ја следат наставата според новата Концепција за основно образование, имаат престој од 5 часа, односно од 7: 30 до 12:30 часот во прва смена и од 13:00 часот до 18:00 часот во текот на втората смена.

За останатите ученици наставата се изведува во прва и втора смена по следниот распоред:

| Одделенска | | | Предметна | |
|---|---|---|---|---|
| Прва смена | 7:30 – 11:50 | | Прва смена | 07:30- 12:30 |
| Втора смена | 13:00 – 17:20 | | Втора смена | 13:00 - 18:00 |

## 8.4. Јазик/јазици на кој/и се изведува наставата и планирање на наставата

Воспитно образовната дејност во матичното училиште се реализира на македонски наставен јазик, додека во ПОУ с.Страчинци на албански наставен јазик со задолжително изучување на македонскиот јазик од IV-IX одд.

**Наставен јазик**

| | Наставен јазик- македонски | Наставен јазик- албански | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 18 | 9 | 27 |
| **Број на ученици** | 308 | 86 | **394** |
| **Број на наставници** | 30 | 17 | 47 |

Планирањата на наставата се квалитетни и во согласност со програмските документи од МОН и БРО, наставниците планираат и спроведуваат формативно оценување за подобри постигања на учениците и објективно оценување. Увид во планирањата и посета на часови се врши од страна на директорот, педагогот, психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор. Согласно Законот за основно образование, успехот и постигањата на учениците се бележат во евидентни листови.
При изготвувањето на наставните програми од I до IX одделение се води грижа за оптимално користење на информатичката технологија во наставата и учењето. Заради ефективно поврзување на предметите се користи практиката за тимско планирање на наставата.

## 8.5. Проширена програма

Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.

Прифаќање и заштита на учениците од I, II и III одделение еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршување на редовната настава, се реализира само со согласност со родителот.

За учениците од I до III одделение се организира продолжен престој, по добиена согласност од МОН или Основачот.

## 8.6. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Задолжителен странски јазик во училиштето е англискиот јазик, кој се изучува од прво до деветто одделение. За изведување на наставата по англиски јазик од прво до петто одделение се вклучува наставник по англиски јазик. Вториот странски јазик се изучува од шесто до деветто одделение. Во Стајковци, се изучува француски јазик во 8 паралелки. Во ПОУ Страчинци се изучува германски јазик во 4 паралелки.

## 8.7. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до четврто одделение

Согласно новиот Закон за основно образование, наставата по физичко и здравствено образование од прво одделение до четврто одделение ја изведуваат „тандем наставници“, односно одделенскиот наставник заедно со наставник по физичко и здравствено образование. Овој пристап обезбеди постигнување на поголеми резултати кај учениците во однос на спортското знаење, психомоториот развој, правилниот раст и развој и допринесува за превенција и корекција на телесните деформитети, особено на ‘рбетниот столб и стапалата, што се најприсутни кај учениците од прво до четврто одделение.
Филип Мојсовски и Сабир Ајрула се тандем наставници по физичко и здравствено образование за учениците од прво до четврто одделение.

## 8.8. Изборна настава

Во зависност од интересите учениците изучуваат изборни предмети, со кои ги надградуваат, продлабочуваат и систематизираат знаењата од одредени подрачја. Учениците ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети. Во тековната учебна година, според резултатите од анкетите, учениците ги изучуваа следните изборни предмети:

| Изборен предмет | Одделение | Наставник |
|---|---|---|
| Класична култура во европскита цивилизација | VI-1 / VI-2 | Валентина Николовска |
| Етика на религиите | VI-3 | Амир Мамути |
| Вештини за живеење | VII-1 / VII-2 | Ели Чочова |
| Проекти од музичката уметност | VII-3 | Ваљбон Беџети |
| Проекти од ликовна уметност | VIII-1 / VIII-2 | Ели Чочова |
| Вештини за живеење | VIII-3 | Ваљбон Беџети |
| Проекти од музичката уметност | IX-1 / IX-2 | Александар Тасевски |
| Проекти од информатика | IX-3 | Ибрахим Демири |

### 8.9. Дополнителна настава

Дополнителна настава според Правилникот за организација на наставата издаден од МОН, за учениците од I, II, IV и V одделение се реализира во рамки на петте задолжителни саати или по петте задолжителни саати за индивидуален пристап на учењето. Дополнителната настава за останатите одделенија има задолжителен карактер и се изведува со цел да се подобрат резултатите кај учениците кои имаат потешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на знаењата и развивањето на способности по одредени наставни предмети. Диференцираниот пристап овозможува овие ученици да го совладаат она што го пропуштиле на што ќе се надоградат идните знаења и умеења што ќе ги добијат во наставниот процес. За организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и правилна проценка за неговите развојни особености и потреби, постигнувања, заостанувања и др. Реализацијата на дополнителната настава се заведува во е-дневник и во Педагошка евиденција за дополнителна настава.

### 8.10. Додатна настава

Додатна настава според Правилникот за организација на наставата издаден од МОН, за учениците од I, II, IV и V одделение се планира во рамки на неделното планирање во паралелката во делот на други активности, а се реализира преку проектни и истражувачки активности, преку слободни изборни предмети за време на петте задолжителни саати престој. За останатите одделенија се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат повисоки резултати од останатите ученици и освен тоа пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Наставникот им нуди однапред подготвена програма за додатна настава на учениците, како соодветно проширување на редовната наставна програма која ја реализира во дадено одделение за да можат самите да направат избор. Реализацијата на додатната настава се заведува во е-дневник како и во Педагошка евиденција за додатна настава.

Исто така на додатна настава се упатуваат ученици на кои им е потребна подготовка за претстојните натпревари во текот на учебната година. Оваа настава се организира во текот на целата учебна година, паралелно со редовната настава (по редовната настава). Се одржува еден час во текот на неделата или 36 часа во текот на една учебна година.

### 8.11. Работа со надарени и талентирани ученици

За надарени и талентирани ученици се изработува индивидуална програма за работа во која се вклучени предметите за кои покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Наставниците со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, изработуваат диференцирани наставни планови кои содржат различни наставни предмети, различен број на часови и други активности кои се одредуваат во зависност од видот на надареноста и возраста на ученикот.

**Годишен извештај за работа со надарени, креативни и талентирани ученици во учебната 2022/2023 година**

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси и инструменти | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на скала на надареност, талентираност и креативност и доставување до наставниците | Проценка на надареност | Септември | Психолог | Скала за проценка и препознавање на надареноста | Идентификување на карактеристиките на надареност |
| Примена на психолошки мерни инструменти кај ученици за кои наставниците детектирале надареност, талент или креативност | Препознавање на карактеристиките на надареност | Октомври | Психолог | Психолошки мерни инструменти | Согледување на карактеристиките на учениците |
| Препораки до наставниците и родителите за работа со оваа група на ученици | Развивање на когнитивниот домен | Ноември | Психолог | Брошури, разговори | Континуирано развивање на кративноста |
| Работа со оваа група на ученици, советодавни разговори за правилно насочување на енергијата и слично | Следење на интелектуалното функционирање и препознавање на мотивац. карактеристики | Континуирано | Психолог, одделенски и предметни наставници | Евидентни листови за разговор со ученици, наставни листови, изработки | Идентификација на видот на успешност |
| Истакнување на постигнатите резултати на оваа група на ученици | Учество на натпревари | Континуирано | Наставници | Листи за постигања | Препознавање на мотивационите карактеристики на учениците |
| Континуирано вклучување на оваа група на ученици во организирање на културни манифестации, натпревари и слично | Учество на натпревари и меѓународни проекти | Континуирано | Психолог, наставници | Евидентни листови за разговор со ученици, изработки | Препознавање на мотивационите карактеристики на учениците |
| Пофалби и награди за оваа група на ученици кои | Благодарници за | Континуирано | Наставници, | Награди од | Идентификација на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| во текот на учебната година се истакнале и придонеле за презентирање на училиштето од повеќе области и тоа: резултати во учењето, натпревари во знаење, спортски натпревари, литературни и ликовни конкурси | афирмација на училиштето и симболични награди | во текот на учебната година | стручни органи и тела во училиштето и надвор од него | типот на (училишен прибор, книги, енциклопедии и слично) | видот на успешност |

### 8.12. Работа со ученици со посебни образовни потреби/работа на инклузивниот тим

Во училиштето се идентификувани ученици со посебни образовни потреби, кои се категоризирани од надлежна институција и имаат големи потешкотии во совладувањето на наставните содржини и во социјализацијата во средината-паралелката. Овие ученици се инклузирани во редовната настава, па за нив посебно секој наставник во паралелката каде што се распоредени подготвува ИОП, се со цел и тие ученици да напредуваат по сопствено темпо и согласно своите можности. Во работни задачи на дефектологот, освен опсервација, следење и работа со ученици кои имаат наод и мислење од соодветна стручна институција, спаѓа и опсервација на други ученици со цел навремена детекција на одредени проблеми кај учениците, како и согледување на прилагоденоста, атмосферата и климата во училницата.

Училишниот инклузивен тим согласно програмата за работа, вршеше процена на моменталното ниво на знаења и функционални способности на учениците со посебни образовни потреби, креираше педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот според претходно изготвениот индивидуален образовен план. За учениците со ПОП се изготви долгорочен, среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план кој е во согласност со нивните можности, способности и интереси. Инклузивниот тим оваа учебна година даде поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби и во текот на годината вршеше ревизија/евалуација на степенот на постигањата на целите предвидени со ИОП-от. Во текот на оваа учебна година еден ученик од прво одделение и еден ученик од трето одделение со ПОП наставата ја следеа со образовен асистент од ОУРЦ „Иднина”.

**Годишен извештај за работа со деца со потешкотии во учењето и со посебни образовни потреби во учебната 2022/2023 година**

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Откривање и евидентирање на ученици со попреченост | Евидентирање на учениците со попреченост<br>Разговори со одделенски раководители<br>Формирање на тим за соработка, | Октомври | Специјален едукатор и рехабилитатор | Чек листи<br><br>Листа за опсервација | Преглед на ученици и видот на попреченост<br>Формиран е тимот за соработка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Дефинирање на временски период и начини за соработка со специјален едукатор и рехабилитатор, наставници, родители, институцијата со која ке соработуваме за одреден проблем. | | Психолог | Прашалници Тестови за проценка | |
| Индивидуализирање на наставата, прилагодување на методите на предавање-оценување кон потребите на ученикот | Стручно Консултативна Работа (СКР) на стручниот работник со наставниците за секој ученик поединечно; Изготвување на Индивидуален образовен план за секој ученик кој има наод и мислење од соодветна стручна институција | Во текот на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Родители | модели на ИОП аналитички листови стручна литература | Планирање, организација на поучувањето; Проширени извори на податоци; Прилагодување на содржините кон потребите на учениците |
| Утврдување на индивидуалните постигања на учениците со попреченост | Следење на успехот, редовноста на ученикот; Увид во инструменти за следење, вреднување на учениците; СКР со со попреченост; СКР со родителите и одделенските раководители на учениците со попреченост; Увид во ИОП за секој ученик. | Во текот на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Родители | Индивидуа лизирани инстументи и техники за работа со ученици со потешкотии и попречености | Реална проценка на постигнувањата; Измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа со ученикот; Определување соодветни форми/методи за работа со ученикот Подобрена социјализација Подобрување на постигањата на учениците |
| Изработка на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со попреченост | Утврдување на критерими за вреднување на учениците со попреченост во согласност со наставни планови, програми | Во текот на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници | ИОП Обрасци за следење на ученикот со попреченост и потешкотии во учењето | Развој на критерими, индивидуални инструм. за вреднување на учениците со посебни потреби |
| Изработка на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со попреченост | Утврдување на критерими за вреднување на учениците со попреченост во согласност со наставни планови, програми | Во текот на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници | ИОП<br>Обрасци за следење на ученикот со попреченост и потешкотии во учењето | Развој на критерими, индивидуални инструм. за вреднување на учениците со посебни потреби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Утврдување на социо-емоционалниот статус Развој на учениците со посебни потреби; | Разговори со ученичка заедница; Присуство на родителски средби | Во текот на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор Наставници Родители | ИОП Обрасци за следење на ученикот со попреченост и потешкотии во учењето | Развивање на позитивни ставови кај учениците кон учениците со посебни потреби |

## Годишен извештај за инклузивен тим за образование во учебната 2022/2023 година

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за работа со ученици со посебни образовни потреби | -Формирање на тим за инклузија на учениците со попреченост<br>-Изготвување на годишна програма за работа на тимот за инклузија<br>-Избор на стратегии за успешна едукација и социјализација на учениците со попреченост | Август | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Наставници<br>Родители | Информирање и прибирање на податоци потребни за изработка на годишната програма | Успешна реализација на планираните активности |
| Евиденција на учениците со попреченост | Запознавање на УИТ со учениците на кои им е потребна дополнителна помош и поддршка<br>Разгледување на мислењата и наодите од Завод за ментално здравје и од МКФ | Октомври | Училишен инклузивен тим | Прибирање на релевантни податоци потребни за работа на училишниот инклузивен тим | Преглед и евиденција на учениците и видот на попреченоста<br>Изготвена база на податоци за ученици со попреченост |
| Идентификација и превенција на специфичните пречки во развојот на учениците | Примена на инструменти за опсервација и дијагностика | Во тек на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници | Чек листи<br>Листа за опсервација<br>Прашалници<br>Тестови за проценка | Навремено откривање на потешкотиите во образовниот процес кај учениците<br>Надминување на пречките кај учениците со попреченост и нивна успешна инклузија во образовниот систем |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индивидуализирање и прилагодување на наставните содржини согласно способностите на учениците<br>Градење на стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето | Изработка на ИОП (долгорочен, среднорочен, краткорочен) за работа со учениците со попреченост<br>Примена на диференциран пристап во работата | Октомври | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Наставници | Модели на ИОП<br>аналитички листови<br>стручна литература | Успешна реализација на наставната програма со сите ученици<br>Повисоки постигања на учениците |
| Непосредна работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор со учениците со попреченост | Вежби за поттикнување на психомоторниот развој<br>Помош при совладување на одредени наставни содржини преку диференцирен пристап | Во тек на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор | ИОП<br>обрасци за следење на ученикот со попреченост и потешкотии во учењето | Реализација на поставените цели во индивидуалниот образовен план<br>Подобрено функционирање на учениците и успешно извршување на активностите од секојдневниот живот |
| Поттикнување на социјалниот и емоционалниот развој на учениците со попреченост, како и мотивација на ученикот за понатамошна работа и напредок. | Разговори со учениците на одд.часови<br>Разговори со родителите на индивидуални средби | Во тек на годината | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници<br>Родители | Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес<br>Успешна инклузија на учениците со попреченост во редовниот воспитно-образовниот процес | Стабилни социјални компетенции и развиени социјални вештини<br>Развиено чувство на самодоверба и самопочитување кај учениците со попреченост<br>Развивени позитивни ставови кај учениците кон учениците со попреченост |
| Изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со попречности | Утврдување на критериуми за вреднување на постигањата на учениците со попреченост согласно прилагодените индивидуални планови | Во тек на годината | Училишен инклузивен тим | Индивидуални инструменти<br>алатки<br>тестови | Развиени стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата на овие ученици |
| Јакнење на капацитетит на наставниците за препознавање на | Спроведување на интерни обуки за наставниците за работа со ученици со | Во тек на годината | Училишен инклузивен тим | Материјали, планирања на наставниците | Зајакнати компетенции на наставниците за работа со ученици со |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| интересите и способностите на учениците со пречки во развојот. Помош на наставниците при избор и употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа | попреченост | | | Консултации размена на искуства | попреченост |
| Унапредување на инклузивната култура и пракса во училиштето | Следење на степенот на инклузираноста на учениците со попреченост во наставно-образовниот процес Посета на часови во паралелки каде има вклучено ученици со попреченост Опсервација и разговор со наставници, родители и ученици | Во тек на годината | Училишен инклузивен тим Наставници Родители | Училиште препознатливо по успешната инклузивна култура и пракса Успешна примена на принципот на индивидуализација и диференцијација во наставата со ученици со попреченост | Развиена свест за потребите на учениците со попреченост, позитивна атмосфера и толеранција Подобрување на социјализацијата на учениците со попреченост Врсничка поддршка за учениците со попреченост |

### 8.13. Извештај за работата на образовен медијатор

За учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, во текот на учебната 2022/2023 година нашето училиште немаше ангажирано образовни медијатори.

## 9. Воннаставни активности

Воннаставните активности играат клучна улога во развој на различните интереси и компетенции (знаења, вештини, вредности и ставови) на учениците. Основното училиште организираше воннаставни активности согласно Концепцијата за воннаставни активности, која ја утврдува министерот на предлог на Бирото за образование. Воннаставните активности се инклузивни и недискриминативни, достапни за сите ученици без разлика на полот, етничка припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. При планирањето, организирањето и реализирањето на воннаставните активности во училиштето, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следниве подрачја: Личен и социјален развој; Демократска култура, мултикултура и граѓанство; Уметничко изразување и култура; Претприемништво и финансиска писменост.

Учениците, според нивните интереси и потреби, се вклучуваат во воннаставни активности, кои редовната настава делумно или не ги опфаќа. Воннаставните активности им овозможуваат на учениците да изградат позитивен став спрема училиштето и ја подигаат нивната мотивација за постигнување повисок училишен успех. Во училиштата се реализираат повеќе видови задолжителни

воннаставни активности кои можат да бидат краткотрајни, какви што се: акциите, излетите, екскурзиите и еднократните работилници или подолготрајни, какви што се: еколошки и спортски клубови, училишниот театар, училишниот хор и оркестар. Овие активности се реализираат и преку соработка со родителите, локалната заедница и партнерски училишта.
Наставниците водат евиденција за реализација за воннаставните активности во е-дневник како и во Педагошка евиденција за воннаставните активности. Ангажираноста на учениците и нивните постигнувања се внесуваат како описни искази во Додатокот на свидетелство.

### 9.1. Училишни спортски клубови

**Извештај за учество на учениците во спортски активности во учебната 2022/2023 година**

Нашето училиште е активен член на Општинскиот сојуз за училишен спорт на Општина Гази Баба (ОСУСГБ), кој функционира во соработка со Федерација на училишни спортови. Во училиштето функциноираат училишните спортски секции, каде се прави селекција на ученици кои се вклучени во системот на спортски манифестации од типот лиги и турнирски натпревари на општинско, градско и државно ниво, подржани или организирани од Федерацијата за училишен спорт на Македонија.
Промовирањето на спортот во училиштата има за цел поздрав живот, а спортот во соработка со родителите, има моќ да ги воспитува младите. Училишниот спорт дополнително е битен, зашто низ системот натпревари се развива способноста за компетенција и се стекнуваат нови знаења од областа на спортот.
Конкретно, целта на училишниот спорт е преку разновидни и систематски спортски активности, во тесна релација со воспитно образовните подрачја на предметот физичко и здравствено образование, да допринесе за интегрален (когнитивен, афективен и моторички) развој на личноста на учениците, стекнување, усовршување и примена на спортски умеења, навики и неопходни теоретски знаења во секојдневни и специфични ситуации во животот, како и унапредување на меѓуетничкат кохезија и интеграција во училиштата од нашата општина. Ученици во нашето училиште активно беа вклучени во системот спортски натпреварувања и тоа:

- Во месец ноември во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со основните училишта се одржаа квалификациски натпревари во ракомет - девојчиња.
- Во периодот од почетокот на октомври во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со Општина Гази Баба континуирано се одиграа општински меѓуучилишни натпревари по Бергеров систем во лига футсал - машки, на кој зеде учество и нашето училиште
- Во периодот од почетокот на октомври во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со Општина Гази Баба континуирано се одиграа општински меѓуучилишни натпревари по Бергеров систем во лига кошарка - машки, на кој зеде учество и нашето училиште.

- Во периодот од почетокот на октомври во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со Општина Гази Баба континуирано се одиграа општински меѓучилишни натпревари по Бергеров систем во лига одбојка - женски, на кој зеде учество и нашето училиште.
- На 21.09.2022 година, учениците од централното и подрачното училиште, имаа спортска активност организирана во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието.
- На 30.09.2022 година, учениците учествуваа на на Есенски корос, кој беше под покровителство на општина Гази Баба и Сојуз на Училишен спорт.
- На 27.11.2022 година, во соработка со Училишниот сојуз се одржа планинарење на падините на Скопска Црна Гора.
- Во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба и ФУСМАК на ден 12.04.2023 година се одиграа натпреварите во одбојка - девојчиња за 6 и 7 одделение.
- Во спортската сала Методија Андонов - Ченто на ден 13.04.2023 година, во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба и ФУСМАК се одиграа натпреварите во футсал - машки за 6 и 7 одделение.
- Во рамките на меѓуучилишните натпревари во организација на Општински сојуз на училишен спорт на Гази Баба, на 30.05.2023 година во просториите на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци се одржа општински турнир во пинг понг каде учениците се натпреваруваа во машка и женска конкуренција.
- На 01.06.2023 г. на тенискиот терен во ООУ "Григор Прличев" се одржа општински турнир во тенис каде учениците се натпреваруваа во машка и женска конкуренција.
- За учениците од I до V одд. во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба, на 01.06.2023 г. во ООУ "Наум Наумовски Борче" се одржа Општинско првенство во шах за 2023 година каде учениците од I до V одд. се натпреваруваа во машка и женска конкуренција.
- Во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Општина Гази Баба на ден 06.06.2023 во новата училишна спортска сала ,,Бобан Ивановиќ" во склоп на ООУ ,,Кирил и Методиј"- Стајковци се организираа спортски активности за учениците од 4-то одделение во одделенска настава под мотото ,,Кошарката моја игра".

## 9.2. Секции/Клубови

Според наставниот план за работа изготвен од БРО, а одобрен од МОН, слободните ученички активности се реализираат со еден час неделно по редовните часови. За учество во работата на секциите учениците се определуваат со пополнување на анкетни листи кои се задаваат во почеток на учебната година. Секој ученик, по свој личен избор, може да се одлучи да членува во една или најмногу две секции. Слободните ученички активности имаат цел да ги задоволат и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците, да ги развиваат самостојноста, доследноста, истрајноста, како и создавањето навики за правилно користење на слободното време. Во слободните ученички активности можат да учествуваат учениците кои имаат афинитети и интереси, без оглед на успехот во наставата. Содржините на сите видови секции и слободни ученички активности ќе се планираат и евидентираат во одделенските дневници.

Според карактерот и содржината на работата слободните ученички активности се застапени како:

- слободни активности за проширување на знаењата на учениците по одделни предмети;
- културно-уметнички активности;
- спортски-рекреативни активности;

Во слободните активности за проширување на знаењата по одделни предмети ќе работат следните секции: од странски јазици, млади математичари, физичари, информатичари, историчари, хемичари, библиотекари, географичари и биолози.

Во рамките на слободните културно-уметнички активности ќе работат секциите: литературно-рецитаторска, ритмичка, драмска, ликовна, еколошка секција.

Во слободните спортски-рекреативни активности ќе работат спортските секции: кошарка, ракомет, фудбал, одбојка, футсал, итн.

Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати.

Од учебната 2022/2023 година наставата во прво, второ, четврто и петто одд. се реализира согласно новата Концепција за основно образование според која слободните ученички активности и секциите се дел од редовната настава.

### Годишен извештај за драмската секција за учебната 2022/2023 година

Во драмската секцијата активно членуваат ученици од одделенска настава кои покажуваат поголем интерес и афинитети за глума. Содржините предвидени за слободните активности по овој предмет им овозможуваат да ја покажат својата креативност, да ги покажат своите таленти за пишување и играње улоги.

Изразното читање, рецитирање на песни, приказни, драмски текстови се дел од нашите активности со кои го прошируваме и продлабочуваме нашето знаење.

Се користат различни форми и методи на работа: индивидуална, работа во парови, групна, демонстративна, работа со текст, дијалошко-монолошка, разговор, раскажување, објаснување, метод на пишување, аудио-визуелен метод, анализа, синтеза и др.

Оваа година членовите на секцијата со љубов и голем ентузијазам се подготвија и успешно настапија на приредбата за прием на првачиња и приредба по повод зачленување на второоделенците во училишната библиотека.

## Годишен извештај за работата на секцијата по физика во учебната 2022/2023 година

Програмата за работа на секцијата по физика опфаќа содржини што се актуелни во доменот по физика и се избрани со цел да го систематизираат, продлабочат и прошират знаењето кај учениците. Секцијата по физика е формирана со цел да ја популаризира физиката помеѓу учениците во училиштето. За време на секцијата се одржуваа предавања, дискусии, се гледаа видеа и анимации на теми што се актуелни во доменот на физиката, како и теми предложени од учениците. Темите најчесто се земени од учените содржини, од некои познати списанија по физика, некои теми ги предложија учениците од содржини што се во тренд или ги прочитале во дневниот печат за некои појави или достигнувања во науката и сакале да ги прошират своите знаења. Како наставни средства и помага се користат компјутери, phet симулации, онлајн квизови.

## Годишен извештај за секција по англиски јазик (предметна настава) за учебната 2022/2023 година

Секцијата беше формирана на почетокот на учебната година. Секцијата брои 10 ученици. Секцијата работеше по програмата подготвена од страна на наставникот што ја води а дел од содржините беа по сугестија на членовите. Сите содржини се реализирани со физичко присуство.
Часовите од секцијата се одржуваа секој петок. На часовите им се овозможи на учениците да ја развиваат нивната љубопитност, креативност и интересот за изучување на англискиот јазик. Ги проширувaa своите знаења од сите сфери вклучувајќи ја граматиката и литературата.
Часовите беа исполнети со активности кои учениците со голема желба и интерес ги следеа. Тие изработуваа најразлични изработки користејќи дигитални алатки и апликации (Canva, Vimeo, liveworksheets, Quizizz, Mentimeter): постер со најважните знаменитости на Велика Британија, традиционлната храна и сл. Се изработуваа граматички вежби, се драматизираа текстови, се запознаваа со карактеристиките, обичаите својствени за одредени празници, се пишуваа состави на одредена тема, се истражуваше на интернет, се спроведуваа разни квизови се со цел да се поттикне натпреварувачки дух кај учениците и да се зголеми нивото на знаење.
Содржините допринесоа поголем интерес и љубов во изучувањето на јазикот, развој на другарството, подобра клима за работа.

## Годишен извештај за секција по англиски јазик (одделенска настава) за учебната 2022/2023 година

Слободните ученички активности по англиски јазик се одржуваат со цел проширување на стекнатите знаења за јазикот на учениците. Наставните содржини имаат цел колку што е можно повеќе да ги стават во активна и продуктивна употреба англискиот вокабулар, граматиката, изразите и сл. што учениците ги усвоиле во тековната и изминатите години. Учениците се охрабруваат да зборуваат и пишуваат на англиски јазик во текот на целиот час, во рамките на нивните познавања, и да не обрнуваат преголемо внимание на евентуалните грешки, туку да ставаат акцент на меѓусебното комуницирање.
Интересот на учениците е задоволителен, исполнителни се на часовите, соработуваат со наставникот и еден со друг.
Активностите за учебната 2022/2023 година беа реализирани според предвидената годишна програма.

## Годишен извештај за еколошка секција за учебната 2022/2023 година

Програмата за работа на Еколошката секција опфаќа содржини што се актуелни во доменот на екологијата. Еколошката секција е формирана со цел учениците да ја разберат улогата на човекот во заштитата на животната средина, развивање на свеста за начелата за заштита на животната средина преку одржливо користење на природните ресурси, систематизирање, продлабочување и проширување на знаењето кај учениците.
Делот за животната средина има за цел да ги информира учениците за последиците од промената на животната средина како резултат на несовесното дејствување на човекот. Заштита и подобрување на животната средина е цивилизациска обврска на човештвото, а образованието за животната средина е составен дел од културата на живеење. Неопходно е постојано да се надоградуваат моралните принципи на учениците во однос на природата и животната средина, преку подигање на свеста за животната средина и практикување на еколошко однесување.
Во текот на годината организираме акции на зеленило, садење растенија. Учениците  учествуваат во активно чистење на дворот, садење растенија, наводнување. Темите кои се обработуваа беа дел од  учените содржини, некои теми ги предложија учениците со цел проширување на своите знаења. Како наставни средства и помагала се користат хамери, речник, автентични документи, илустрации, компјутери (интернет), интерактивна табла, енциклопедии, стручна литература.

## Годишен извештај од секцијата по математика за учебната 2022/2023 година

Програмата за работа на секцијата по математика опфаќа содржини од математичкиот и логичкиот дел на секојдневието на учениците и се избрани со цел да го систематизираат, продлабочат и прошират знаењето кај учениците. Тие помагаат во развивањето на логичките способност, проширувањето на активниот мисловен процес и увежбување на истиот, запознавање со некои нови начини на разрешување на математичките и логичките проблеми како кај нас така и во другите земји. Со користење на разновидни методи,

форми и техники на работа се мотивираат учениците, се развива креативноста и се поттикнуваат на самостојно учење и самовреднување. Како наставни средства и помага се користат Нумерус, збирки од различки автори и земји, компјутери (интернет). Преку учество во оваа секција учениците се подготвуваат за учество на општинските и регионалните натпревари по математика кои ќе се одржуваа во текот на второто полугодие.

## Годишен извештај за работата на хор и оркестар

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| **Аудиција:**<br>- одредување на музикалноста<br>– техника на свирење;<br>- степен на обученост за свирење на инструменти; | - демонстрира ритмички и мелодиски вежби.<br>- Презентира ритмичка интерпретација;<br>- демонстрира инструментална изведба по свој избор<br>- да поседува елементарни знаења од музичката писменост | септември во текот на целата учебна година | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, Клавир – синтисајзер | -да има основно познавање за музичките инструменти |
| Усвојување на основи на вокална техника, демонстрација и примена на вежби за распејување и дишење. | - пее вежби за правилно дишење и поставка на вокал;<br>- пее вежби за развивање на вокалната техника;<br>- применува вежби за правилен пеачки став,<br>- применува различно темпо и динамика;<br>- презентира креативна и естетска вокална интерпретација;<br>- прави избор на програма; | септември октомври во текот на целата година | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер | - примена на правилен пеачки став, правилно дишење и поставка на вокал;<br>- развивање на вокалната техника;<br>- примена на различно темпо, динамика;<br>- презентација на креативна и естетска вокална интерпретација; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Обработка на:<br>Химна на ОУ „Димитар Миладинов“<br>Народни песни: | -усвојува ритмичко мелодиска целинба<br>- применува правилна интерпретација со соодветно темпо и динамика<br>- го доживува карактерот на композициите и презентира правилна изведба; | октомври<br>ноември | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер | -усвојува правила за изведба на свечена песна - химна<br><br>- го проширува репертоарот на народни песни, дел од фолклорното наследство |
| **„Божиќна песна“** Ј, Коџабашија<br>**„Тивка ноќ“**<br>„**Две лири“** – К. Гочева преработка (двогласна) | -да демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација;<br>- да применува соодветно темпо и динамика;<br>да го доживее карактерот на композицијата; | ноември<br>декември<br>јануари | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер | - пее традиционални странски песни преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на други народи<br>- применува повеќегласна интерпретација |
| **,,Сплет на нродни песни**-<br>„Свилено фустанце“<br>„ Сербез Донка“<br>**„Велигденска песна“** | - демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација;<br>- применува соодветно темпо и динамика;<br>да го доживее карактерот на композицијата;<br>-стекнува искуство за јавна изведбена активност; | февруари<br>март<br>април | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер | -развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции |
| **„Во пролет“** J C Бах | - демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација;<br>- применува соодветно темпо и динамика; | мај<br>јуни | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер | - развива љубов кон пеењето;<br>- интерпретира композизии преку кои ќе се запознае |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - го доживува карактерот на композицијата; | | | | со творештвото и културата на други народи |

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти | Форма на реализација: групна/ индивидуална |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Аудиција:**<br>- одредување на музикалноста<br>– техника на свирење;<br>- степен на обученост за свирење на инструменти; | - демонстрира ритмички и мелодиски вежби.<br>- Презентира ритмичка интерпретација;<br>- демонстрира инструментална изведба по свој избор<br>- да поседува елементарни знаења од музичката писменост | септември во текот на целата учебна година | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, Клавир – синтисајзер | -да има основно познавање за музичките инструменти | индивидуална |
| **Видови, технички можности и наин на свирење на ДМИ:**<br>- ги проширува теоретските знаења во областа на свирење на ДМИ;<br>- развива љубов кон индивидуално и колективно свирење на ДМИ; | - учи за поделбата на ДМИ (ритмички, мелодиски);<br>- препознава ДМИ по навната звучност,<br>- дискутира за секој инструмент од групата на ДМИ<br>- свири на ДМИ. | септември | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, ДМИ | -да развива љубов кон свирењето и кон изведувањето композиции на музичките инструменти | групна |
| **Видови, технички можности и наин на свирење на блок флејти:**<br>- усвојува нови знаења;<br>- развива творечките | -препознава видови на блок флејти;<br>-усвојува техника на свирење на блок флејта;<br>-демонстрира технички вежби; | септември октомври | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, блок флејти,нотен материјал | -да ги познава сите тонови (do,re, mi, fa, sol, la, si, do)<br><br>-да развие љубов | групна |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| способности, етичките и естетските вредности | -демонстрира вежби за секој тон (sol; mi; sol-mi; fa; sol-fa-mi; do; sol-fa-mi-do; re; do-re-mi -fa-sol; la; do2; si;) | | | | кон свирењето на блок флејта и реализирање на музички композиции | |
| **Химна на Р.М.**<br>- усвојува и презентира правила за изведба на свечена песна - химна<br>- учествува на разни видови настапи во училиштето, локалната средина и пошироко | - интерпретира празнични композиции;<br>- презентира правилна изведба<br>- стекнува искуство за заедничко музицирање,<br>- чувствува задоволство од изведбата на свечени песни; | октомври ноември | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал | - развива способност индивидуална инструментална интерпретација;<br>- почитува дадени упатства на диригентот и менторот; | групна |
| **Ритмичко мелодиски вежби и канони:**<br>- се здобие со искуство за двогласно свирење<br>- демонстрира правилна изведба на канонската мелодија | - усвојува поим канон;<br>- свири канонска мелодија;<br>- свири и следи втора мелодија | ноември декември. јануари | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал | - ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;<br>- ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа; | индивидуална |
| Новогодишни композиции:<br>**„Новогодишен Валцер“**<br><br>-Обработка на сле на народни песни;<br>- обработка на познати мелодии со фолклорни мотиви | -интерпретира празнични композиции;<br>- презентира правилна ритмичка и мелодиска изведба;<br>-учествува во заедничко музицирање,<br>- чувствува задоволство од изведбата на народни песни или композиции инспирирани од народниот | декември, јануари | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал | -развива љубов кон индивидуално и колективно свирење на ДМИ<br>- интерпретира композизии преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на | групна |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | фолклор;<br>- свири композиции од светската литература | | | | другите народи | |
| **Обработка на композиции од познати автори: „Арија од операта Оберон“** | - интерпретира популарни композиции;<br><br>- презентира правилна ритмичка и мелодиска изведба<br><br>- стекне искуство за заедничко музицирање<br><br>- чувствува задоволство од својата интерпретација;<br><br>- презентира изведба пред публика | Во текот на второ полугодие | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал | - развива способност индивидуална инструментална интерпретација;<br>- почитува дадени упатства на диригентот и менторот;<br>- ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;<br>- ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа; | индивидуална |
| **Сврење на композиции по избор** | - чувствува задоволство од својата интерпретација по својот избор | Во текот на второ полугодие | Наставник по музичко образование | Кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал | - развива љубов кон свирењето; | Индивидуална Група |

**Годишен извештај за активности реализирани преку разглас во учебната 2022/2023 година**

Во текот на учебната 2022/23 година беа реализирани активности за одбележување значајни датуми, навремено информирање на учениците и вработените, литературни читања и слично.

| Опис на реализирана програмска активност | Цели | Време на реализација | Целна група | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Ден на независноста на Македонија | Одбележување значајни датуми | 07.09.2022 | ученици и вработени | Запознавање со поважните одлики на Денот на независноста |
| Читање реферат по повод Денот на народното востание | Одбележување значајни датуми | 10.10.2022 | ученици и вработени | Потсетување на значењето на овој празник |
| Одбележување на Денот на формирање на МРО | Одбележување значајни датуми | 21.10.2022 | ученици и вработени | Почит кон државните празници, потсетување на историското минато |
| Слушање музика за време на слободните активности | Создавање пријатна клима и атмосфера за работа | тековно | ученици | Пријатно чувство кај учениците |
| Читање реферат по повод Денот на ослободувањето на Скопје 13 Ноември | Одбележување значајни датуми | 11.11.2022 | ученици и вработени | Потсетување на значењето на овој празник |
| Читање реферат по повод 8 Декември - Св. Климент Охридски | Одбележување значајни датуми | 07.12.22 | ученици и вработени | Потсетување на значењето на овој празник |
| Читање реферат по повод 151-та годишнина од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев | Одбележување значајни датуми | 03.02.2023 | ученици и вработени | Потсетување на значењето на овој празник |
| Читање реферат по повод прогласувањето на Првенци на генерацијата и континуирано одлични ученици | Создавање пријатна клима и атмосфера за работа | 12.06.2023 | ученици и вработени | Пријатно чувство кај учениците |

## Годишен извештај за работата на библиотекарската секција во учебната 2022/2023 година

Библиотекарската секција дава поддршка на учениците во развој на читателските вештини, писменост, поттикнување на креативност и творештво, пишување на лични творби, за подобрување на квалитетот на сите видови воспитно-образовна работа, социјалните вештини, ненасилна комуникација, поттикнување на самостојно учење, креативно осмислување и одбележување на значајни датуми. Библиотекарската секција се одвива два пати седмично и вклучени се ученици од IV до IX одделение.

СЕПТЕМВРИ

1.Обновување на членството и зачленување на нови членови. 2.09.2022
2.Разгледување и усвојување на програмата за работа. 6.09.2022
3.Изработка на изложба на книги посветена на 8-ми септември. 9.09.2022
4.Пишување на творби (поезија) посветено на Денот на независноста. 13.09.2022
5.Средување на книгите по МДК систем. 15.09.2022
6.Техничка обработка на книги (ставање печат, налепница, инвентирање, сместување ). 20.09.2022
7.Запознавање на учениците со вештините на млад библиотекар. 22.09.2022
8.Вежба: Пишување на каталошки картончиња на книги – млади библиотекари. 27.09.2022

ОКТОМВРИ

1.Наставно ливче:„Сместување на книгите според азбучен редослед по презимето на авторот “. 4.10.2022
2.По повод 11- ти Октомври читање на литературни творби. 6.10.2022
3.Средување на книги по МДК систем. 12.10.2022
4.Изложба на избор омилени книги за деца. 14.10.2022
5.Месец на книгата: Избор на омилена книга по повод месецот на книгата. 18.10.2022
6.Наставно ливче: „Поучни пораки според прочитани книги, мудри изреки за книгата“. 20.10.2022
7.Читање на драмски текстови по улоги. 25.10.2022
8.Читање на детски литературни творби. 27.10.2022

НОЕМВРИ

1.Посета на НУБ„Св. Климент Охридски“. 1.11.2022
2.Избор и изложба на најчитани книги. 3.11.2022
3.„Мојот омилен писател“- избор на најчитани писатели. 08.11.2022
4.Читање на лични творби посветени на Скопје. 10.11.2022
5.Тематско читање „Низ најубавите страници од прочитаната книга“. 16.11.2022
6. Читање и драматизации на едночинки. 17.11.2022

7.Средување на книги по МДК систем 22.11.2022
8.Изложба на најчитани книги на месецот. 24.11.2022

ДЕКЕМВРИ

1.Изработка на програмата за прием на второодделенците во Библиотеката. 1.12.2022
2.Презентација за животот на Св. Климент Охридски и неговото дело. 6-7.12.2022
3.Литературно читање: Добрина да посадиме, љубов да никне – од фестивалот Детски лирски треперења. 09.12.2022
Работата на Детската организација се реализираше во соработка со Сојузот за грижи и воспитување на деца како и со наставниците од одделенска настава, преку кој се реализираше и посетата на детскиот фестивал Златно Славејче.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценување

Постигањата на учениците во основното училиште се оценуваат описно и бројчано. Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците согласно ЗОО. Интерното се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди.

Оценувањето како една од најважните компоненти на наставниот процес која се користи за следење и подобрување на поучувањето и учењето, се изведуваа континуирано од првиот па се до третиот период.

По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).

План за писмено проверување на постигањата на учениците по предмети и одделенија изготвуваат одделенските и предметните наставници и го заведуваат во дневниците.

Во текот на наставно – воспитната работа наставниците го следат напредувањето на секој ученик поединечно со индивидуален пристап во работата. Од наставниците се очекува да вршат континуирано писмени проверки на знаењата на учениците каде ќе бидат имплементирани критериумите и стандардите во оценувањето.

Наставниците го планираат и вршат оценувањето квартално – сумативно оценување, со примена на различни методи на сумативно оценување, а во текот на годината оценуваат формативно како би се подобрило нивото на знаењата на учениците и формативните методи се користат за сумативни цели како би се овозможило континуитет и релијабилност во оценувањето. Унапредувањето на оценувањето на учениците во училиштето се врши со посета на разни семинари, обуки за Примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците, семинари за сумативно и формативно оценување на учениците, а на ниво на училиште беа донесени потребни акти – Кодекс за оценување, Критериуми за оценување на ниво на училиште и поставени стандарди и критериуми по секој предмет. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчано според три периоди:
Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и бројчани оценки. На крајот од првото полугодие учениците од вториот период се оценети со описни оценки, а на крајот на годината со бројчани оценки. Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценети само со бројчани оценки.
Секој наставник води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во професионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот, стручната служба и училишниот тим за оценување. Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди има изготвено програма за посета на часови и има обврска преку посетата на часови и изготвување на протоколи и евидентни листи да го следи имплементирањето на стандардите и критрериумите за оценување на учениците. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие. Годишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. За време на родителските средби во училиштето се присутни и предметните наставници кои се подготвени да им дадат образложение на родителите за некое прашање. (Освен информирањето за постигањата на крајот на пропишаните периоди (тримесечија, полугодие, крај на година) родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма (на индивидуални средби, писмени белешки, листи за проверка, коментари на пишани трудови на учениците и сл.).
Педагогот изготвува извештај за успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија, предмети, пол, етички состав и наставен јазик квартално по тромесечија, на полугодие и на крајот на годината, согласно податоци добиени од одделенските раководители како и за по одделенија, пол, етички состав и наставен јазик. Анализа на состојбите со оценувањето се прави по активи

и согласно на тоа се дава поддршка за подобрување на резултатите.
Оваа учебна година наставата во прво, второ, четврто и петто одделение се реализира според новата Концепција за основно образование, а вреднувањето на постигањата на учениците се реализира согласно Националните стандарди за основно образование.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот и стручната служба во текот на учебната година извршија увид во начинот на планирање на годишните програми на наставниците и во реализација на наставата, преку стручни посети и следење со инструмент кој ги мери различните аспекти во наставата, во дадена временска рамка во текот на учебната година. Посебен акцент оваа учебна година беше ставен во следењето на реализирање на наставата и работата во прво и четврто одделение. Исто така континуирано вршат увид во реализацијата на воннаставните активности и друга стручно – педагошка дејност.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Училиштето врши самоевалуација за реализација на програмите согласно членот 146 од ЗОО на крајот на секоја втора наставна година. Самоевалуацијата која опфаќа седум области ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите која по предлог на директорот ја формира Училишниот одбор. Самоевалуацијата за учебната 2020/21 и 2021/22 год се спроведуваше во три фази:
-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);
-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).
Во текот на претходниот период се организираше конститутивен состанок за отпочнување на Самоевалуацијата за наредните две учебни години 2022/23 и 2023/24 година, беше направена структура на тимови поделени во седум подрачја и е започната подготвителната фаза каде се врши определување на методите, техниките и инструментите за самоевалуација, се прибираат и групираат податоците за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата на училиштето.

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на

просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Училиштето е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се укаже прва помош.

Согласно Законот за заштита и здравје при работа направени се проценки за безбедноста на работните места на вработените во училиштето односно ризикот како и безбедносните мерки за елеминирање на штетите и опасните последици. За таа потреба и цел вработените имаат уверение и посетуваа соодветна обука.

За поголема безбедност, училиштето е обезбедено со видео надзор и ангажирани се чувари на двете училишни згради.

**Реализирани активности „Заштита и спасување од природни катастрофи“ во 2022/23год.**

| Задача | Цели | Активност | Временска рамка | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| -Евакуација при дојава на бомба | Да умеат да се снајдат во ситуации кои го загрозуваат животот и безбедноста | Безбедно напуштање на учениците, наставниците и другите вработени на училиштето. | 16.12. 2022<br>26.12.2022<br>27.12.2022<br>22.02.2023<br>01.03.2023 | Црвен крст<br>Тим на црвениот крст на училиштето<br>Тим за евакуација<br>. | Училишен план за евакуација<br>-правила на однесување при евакуација, подршка од соодветни институции | Совладани правилата на однесување при евакуација од учениците,наставниците и останатите вработени | Сите предметни наставници и сите вработени |

## 18. Грижа за здравјето на учениците

Училиштето води грижа за здравјето на своите ученици. Цел на програмата за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Грижата за здравјето на учениците во училиштето е обврска на сите вработени и се води на три нивоа:

- физичко здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално-преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;
- ментално здравје кое го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;
- социјално здравје кое ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во наставата во текот на учебната година, преку предавања, презентации, работилници, брошури и разговори на часот, како и со надворешни стручни лица (соработка со Црвен крст).

## Годишен извештај за работата на Подмладок на Црвен крст за учебната 2022/2023 година

Во училиштето на организиран начин учениците ги остваруваат своите интереси, преку одредени форми на ученичко организирање. Во активностите на нивните организации се вклучени наставници кои ги помагаат и поддржуваат нивните програмски активности. Цели кои се реализираат се:

- Создавање, развивање и негување хигиенски навики кај учениците, подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи, како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.
- Развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочувство, толеранција и почитување по пат на разновидни игри и работа, а со тоа здобивање на пријатели и развивање на пријателството.

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти | Форма на реализација: групна/ индивидуална |
|---|---|---|---|---|---|---|
| да се запознае со Програмата за работа на Црвениот крст | Конституирање и избор на раководство на Подмладокот на Црвениот крст | 12.09.2022 | одговорен наставник, ученици | компјутер, интерактивна табла, хартија, пенкало | знае за Програмата за работа на Црвениот крст | групна |
| да се собере годишна членарина | Собирање на годишна членарина | 30.09.2022 | одговорен наставник, наставници | хартија, пенкало | собрана годишна членарина | индивидуална |
| да се развие хуман однос | Недела на промоција на хумани вредности | 04-07.10.2022 | одговорен наставник, ученици | компјутер, интерактивна табла | развиен хуман однос | индивидуална |
| да знае за пубертет и негови нарушувања | Едукативно предавање на тема „Пубертет и негови нарушувања" | 06.10.2022 | Црвен Крст- Гази Баба | компјутер | знае за пубертет и негови нарушувања | групна |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| да се развие хуманоста | Детска недела | 04.10-08.10. 2022 | наставници, ученици | пенкало, хартија | развиена хуманост | групна |
| да се запознаат со работата на Црвениот крст | Прием на првачиња во подмладокот на Црвениот Крст | 05.10.2022 | наставници, ученици | хартија, пенкало | знае за работата на Црвениот крст | групна |
| да се обезбедат финансиски средства, облека, храна за помош на лицата кои се наоѓаат во тешка материјална положба | Спроведување на хумана солидарна собирна акција по повод „Денот на гладта” | 14-21.10. 2022 | наставници, ученици, Ученичка заедница, родители | хартија, пенкало | обезбедени финансиски средства за храна и облека за помош на лицата кои се наоѓаат во тешка материјална положба | индивидуална |
| да ги знае болестите на зависност | Месец на борба против болести на зависност | 17.11.2022 | наставници, педагог, психолог | компјутер, интерактивна табла | знае за болести на зависност | групна |
| Да стекне основни вештини за давање на прва помош | Обука Прва помош | 05.12.2022 | Црвен Крст- Гази Баба | пенкало, хартија | знае да дава прва помош | со физичко присуство |
| Да стекне основни вештини за давање на прва помош | Обука Прва помош | 18.10.2022 | Црвен Крст- Гази Баба | пенкало, хартија | знае да дава прва помош | со физичко присуство |
| Да стекне основни вештини за давање на прва помош | Обука Прва помош | 20.10.2022 | Црвен Крст- Гази Баба | пенкало, хартија | знае да дава прва помош | со физичко присуство |
| Да знае за туберкулоза | Превенција од туберкулоза | 24.03.2023 | Црвен Крст- Гази Баба | компјутер | знае да дава прва помош | со физичко присуство |
| Да стекне основни вештини за давање на прва помош | Општински натпревар по Прва помош | 13.05.2023 | одговорен наставник, ученици | пенкало, хартија | знае да дава прва помош | со физичко присуство |

## 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето, како и на целокупниот инвентар и наставните нагледни средства, при што се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. За одржување на хигиената во училиштето се грижи техничкиот персонал и вработените во училиштето. Преку редовни училишни еко-акции, предавања, работилници и сл., се поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, иницијативи за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши редовно и вонредно од надлежни институции, според потребите на училиштето, како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

Ходниците, тоалетите, училниците, се чистат, дезинфицираат и одржуваат во текот на денот со средства за хигиена.

## 18.2. Систематски прегледи

Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, спроведување на редовните систематски лекарски прегледи, согласно со закон. Училиштето задолжително го информира родителот/старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски и стоматолошки прегледи, кои ќе бидат реализирани без да се попречува наставата и во придружба на класниот раководител. Во зависност од возраста на учениците во Поликлиниката Ченто се вршат редовни систематски прегледи и вакцинирање на учениците.

## 18.3. Вакцинирање

Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа вакцинација на учениците од I, II и IX одделение, која се реализира во здравствената установа, Поликлиника Ченто - оддел за училишна возраст, во придружба на класниот раководител. Училиштето задолжително го информира родителот/ старателот на ученикот за спроведувањето на вакцинациите.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана

Во текот на учебната година, училиштето континуирано реализира едукација и активности за здрава храна, преку редовни наставни содржини, како и преку соработка со стручни лица во вид на предавања, работилници, презентации. Во рамките на програмата „Еко-училиште“, се реализираат активности од кампањата „Здрава храна“, со учество на учениците, родителите и наставниците. Оваа активност има за цел подигање на свеста и едукација на учениците за здрава исхрана, поттикнување на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите и локалната заедница.

**Годишен извештај за здравствена заштита на учениците за учебната 2022/23 година**

| Опис на реализирана програмска активност | Цели | Време на реализација | Форми на работа и ресурси | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Вакцинација со MRP вакцина (без систематски преглед) Поликлиника Ченто I-1, I-2 и I-3 одделение. | Заштита на имунолошкиот систем од заразни болести; | 13/16.09.2022. | Преглед на учениците од стручни лица (анализа) Вакцина | Заштита на учениците од болестите. |
| Стоматолошки преглед на учениците во амбуланта Ченто I-1 и I-2 одделение. | Да се запознаат учениците со градба и функција на орална празнина; Заштита и превенција на забите; | 29-30.05.2023 | Работилници од стручни лица<br>Преглед на учениците од стручни лица | Редовна и правилна орална хигиена; Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели; |
| Систематски преглед на учениците во амбуланта Ченто I-1 и I-2 одделение. | Оспособување на учениците за здрав живот во училиштето, домот и локалната средина во која живеат; Заштита на имунолошкиот систем од заразни болести; | 24-25.04.2023 | Преглед на учениците од стручни лица | Одржување на лична хигиена како и унапредување на менталното и социјалното здравје; -Заштита на учениците од болестите; |
| Вакцинација на учениците Дитепер полио на учениците од II -1, II -2 и II-3 одделение. | Заштита на имунолошкиот систем од заразни болести; | 18/21.10.2022 | Преглед на учениците од стручни лица (анализа) Вакцина | Заштита на учениците од болестите. |
| Стоматолошки преглед на учениците во поликлиника Ченто II -1 и II -2 одделение. | Да се запознаат учениците со градба и функција на орална празнина; Заштита и превенција на забите; | 28.03.2023 | Работилници од стручни лица<br>Преглед на учениците од стручни лица | Редовна и правилна орална хигиена; Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели; |
| Стоматолошки преглед и заливки на заби III -1 и III -2 одделение. | Да се запознаат учениците со градба и функција на орална празнина; Заштита и превенција на забите; | 15-16.03.2023 | Работилници од стручни лица<br>Преглед на учениците од стручни лица | -Редовна и правилна орална хигиена; -Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | цели; |
| Систематски преглед во ПК Ченто III -1 и III -2 одделение. | Оспособување на учениците за здрав живот во училиштето, домот и локалната средина во која живеат;<br>Заштита на имунолошкиот систем од заразни болести; | 23.03.2023 | Преглед на учениците од стручни лица | Одржување на лична хигиена како и унапредување на менталното и социјалното здравје;<br>Заштита на учениците од болестите; |
| Стоматолошки преглед на учениците во амбуланта Ченто IV-3 V-1, V-2 и V-3 одделение. | Да се запознаат учениците со градба и функција на орална празнина;<br>-заштита и превенција на забите; | 07.12.2022<br>09.12.2022 | Работилници од стручни лица<br>Преглед на учениците од стручни лица | Редовна и правилна орална хигиена;<br>Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели; |
| Систематски преглед во ПК Ченто V-1 и V-2 одделение. | Оспособување на учениците за здрав живот во училиштето, домот и локалната средина во која живеат;<br>Заштита на имунолошкиот систем од заразни болести; | 22-23.02.2023 | Преглед на учениците од стручни лица | Одржување на лична хигиена како и унапредување на менталното и социјалното здравје;<br>Заштита на учениците од болестите; |
| Стоматолошки преглед на учениците од VI-1 и VI-2 одделение. | Да се запознаат учениците со градба и функција на орална празнина;<br>-заштита и превенција на забите; | 31.10.2022 | Работилници од стручни лица<br>Преглед на учениците | Редовна и правилна орална хигиена;<br>Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели; |
| Стоматолошки преглед (забно залевање) на учениците од VII-1 и VII-2 одделение. | Да се запознаат учениците со градба и функција на орална празнина;<br>-заштита и превенција на забите; | 16.09.2022 | Работилници од стручни лица<br>Преглед на учениците | Редовна и правилна орална хигиена;<br>Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вакцинација- Поликлиника Ченто на учениците од VII-1 и VII-2 одделение. | Заштита на имунолошкиот систем од заразни болести; | 30.05.2023 | Преглед на учениците од стручни лица (анализа)<br><br>Групна и заедничка<br>Вакцина | Заштита на учениците од болестите. |
| Вакцинирање на учениците<br>IX-1 и IX-2 одд. | Заштита на имунолошкиот систем од заразни болести; | 18.11.2022 | Вакцина | Заштита на учениците од болестите. |

## 19. Училишна клима

Сите субјекти во воспитно-образовниот процес и другите вработени континуирано се заложуваат за позитивна училишна клима. Климата во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно-образовниот процес (вработените, учениците и родителите), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот.

### 19.1. Дисциплина

Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти: Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор). Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците во училиштето, Куќен ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. За надминување на проблемите со поведението и дисциплината, континуирано се водат разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и советување со родители од страна на стручните соработници, со цел подобра дисциплина и воспоставување работна атмосфера на часовите. Кон ученикот кој ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат педагошки мерки. Истовремено со изрекување на педагошките мерки, директорот формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото. При изрекување на педагошките мерки, се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки. На секој квартал од учебната година се изрекуваат и се евидентираат по потреба на учениците. Исто така, изработен е распоред на дежурни наставници во училиштето, заради одржување на дисциплината во училиштето. Дежурните наставници, како и дежурните ученици водат евиденција за тековните случувања во училишната зграда и училишниот двор.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците и учениците придонесуваат за уредувањето на училиштето со свои изработки, проекти и презентации, со цел подобар изглед и функционалност, водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето. Наставниците и учениците се грижат за ентериерот во училниците, додека тимот за естетско уредување е одговорен за уредувањето на ходниците и влезниот простор. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, со што се овозможува непречена реализација на наставата.

## Годишен извештај за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето во учебната 2022/2023 година

| Опис на реализирана програмска активност | Цели | Време на реализација | Форми на работа и ресурси | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Уредување на холот на училиштето<br><br>Подготовки за почеток на новата учебна година и приемот на првачиња | Естетско и функционалноуредување на училиштето, поттикнување на учениците за истото | Август 2022 | Хамери, листови во боја, принтер, ножици, лепило, стиропор, паноа, фотографии, изработки | Придонес за естетското и функционалното уредување на училиштето, поттикнување на учениците за истото.<br>Поттик и позитивна атмосфера кај првачињата |
| Уредување на паноа за Граѓанско образование, Ученички иницијативи – МИО и ЕКО проектите | Поттикнување за ученички иницијативи, граѓанско образование, мултикултурализам и еко свест | Септември-октомври 2022 | Тим за естетско уредување<br>Одделенски наставници од I до V<br>Предметни наставници од VI до IX<br>Тим за МИО/ЕКО активности<br>Училишно раководство<br>Стручна служба | Поттикнување за ученички иницијативи, граѓанско образование, мултикултурализам и еко свест |
| Есенско уредување на училниците и училишните ходници | Да се грижат и допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училниците и училишните ходници | Октомври 2022 | Хамери, хартија во боја, ножици, лепило<br>Одделенски наставници од I до V | Грижа естетското и функционалното уредување на училниците и училишните ходници |
| Новогодишно уредување на училниците и училишните холови | Да развиваат на одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и | | Хамери, хартија во боја, светкава хартија, креп хартија, ножици, лепак, стипопор, маркери во боја, | Развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | опкружувањето на училиштето<br>Поттикнување на учениците за целосно уредување на училишниот простор | Декември 2022 | боја за стакло, темперни бои<br>Одделенски наставници и ученици од I до V одд. | опкружувањето на училиштето |
| Пролетно уредување на училниците и училишните холови | учениците да развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето<br>-поттикнување на учениците целосно уредување на училишниот простор | Февруари 2023 | - хамери, хартија во боја, ножици, лепило<br>Наставник по ликовно образование<br>Одделенски наставници од I до V | Развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето |

### 19.3. Етички кодекси

Во рамките на своето работење, училиштето има изготвено Етички кодекси за однесување на наставниците, учениците, вработените во училиштето и родителите, кои се составен дел на училишната документација и пракса.
Училиштето има изготвено и Еко-кодекс, кој содржи еко-пораки за заштита и унапредување на училишната средина и пошироката локална средина, ја дефинира целата мисија на училиштето и го претставува правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. Еко-кодексот е изработен од учениците, наставниците и родителите и е видно изложен.

### 19.4. Односи меѓу сите структури

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат формални и неформални средби. Оваа учебна година посебно се водеше сметка за ова подрачје соглсно протоколите од пандемијата.

Односите меѓу вработените и со учениците се регулирани со посебни Правила на однесување на сите структури (Куќен ред), вработени и учениците посебно кој редовно се ревидира пред секоја учебна година. Училиштето има демократски формирана ученичка заедница како и одделенски заедници преку кои учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Училиштето презема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се добредојдени активно да се вклучат во наставниот процес. Училиштето користи

ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во Училишниот одбор кој вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува.

Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигање на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Доказ за вклученоста на родителите на учениците во животот и работата на училиштето е и изборот на родители во Совет на родители на ниво на паралелка, Совет на родители на ниво на училиште и членови од Советот на родители во училишниот одбор. За подобрување на комуникацијата помеѓу критичните точки исто така се организираат состаноци, работилници и дебати.

## 20. Професионален развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно, како и надворешно усовршување кое го врши БРО, МОН и други институции.

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

За квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, како и од извештаите од работата на училиштето и наставниците. Самоевалуацијата од оваа учебна година на училиштето покажа дека наставниците редовно ги следат сите обуки и семинари организирани или поддржани од МОН и БРО, а дел од нив и самостојно се усовршуваат.
Секој наставник на ниво на актив ги изнесува личните потреби за професионален развој, кои потоа се проследуваат по хоризонтала и вертикала. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, составен од директор, стручни соработници и претседатели на активи.

### 20.2. Активности за професионален развој

Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Во рамки на континуираното стручно усовршување, наставниците се обврзани да посветат најмалку 60 часа на обуки во текот на три учебни години, со најмалку 40 часови учество на акредитирани програми за обука.
По утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените, се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници, дисеминации на новини и др. Во училиштето се изработува годишен план за професионален развој на наставниците, задолжително се реализира дисеминација и се изработува извештај проследен со евалуација, од каде ќе произлегуваат

и наредните потреби за професионален развој. Во текот на оваа учебна година директорката на училиштето одржа обуки на наставниците за новата Концепција за основно образование, за Стандардите за интеркултурно образование и за сумативното и формативното оценување.

## 20.3. Личен професионален развој

Во училиштето редовно се следи работата на наставниците и се настојува нејзино подобрување преку разни форми на професионален развој: семинари, обуки со физичко присуство и онлајн, дисеминации, вебинари, конференции, пишани рубрики, статии во стручна литература итн. Според насоките дадени од ДПИ, се врши и интерно следење на наставниците преку посета на часови, како и анализа на наставничките портфолија. За сопственото стручно усовршување, наставниците изготвија личен план за професионален развој за оваа учебна година преку самоевалуација на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од БРО, Центарот и ДПИ.
Директорот на училиштето го одобри планот на почетокот на учебната година, на предлог на тимот за професионален развој во училиштето. Тимот за професионален развој го сочинуваа координаторите на стручните активи на наставници во училиштето, директорот и стручен соработник во училиштето. Формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставникот и стручниот соработник ги уредува министерот, на предлог на БРО и Центарот. За професионалниот развој на секој наставник се води професионално досие од страна на стручните соработници.

## 20.4. Хоризонтално учење

Знаењата, искуствата и стручното усовршување на наставниците стекнати од сопствената пракса во воспитно-образовниот процес и од разни семинари се споделуваат со другите наставници на одделенските активи. Тоа искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручни соработници преку изведување, присуствување и анализирање на нагледни и отворени часови, прикази на стручни теми, држење на интерни обуки, дисеминации, работилници и колегијална менторска поддршка. Врз основа на програмата за професионален развој, училиштето подготви акциски планови во кои ќе бидат наведени активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење, како и очекуваните резултати и исходи.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој води кон кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар. Во процесот на кариерен развој на наставниците, проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти, а ја прави училиштето. За таа цел воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со: основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот, професионалните стандарди за наставник - ментор, професионалните стандарди за наставник-приправник. Проценката од училиштето се прави за оној наставник кој се подготвува и се пријавил за напредување во звање и ја базира врз информации добиени од: родители, ученици, наставници и училишна документација.

## Годишен извештај за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар на крајот од учебната 2022/2023 година

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| IV-А.1 Познава различни концепти и модели за развој на инклузивно образование | Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост | ноември 2022 | БРО | Компјутер Презентации Дискусија | IV-Б.1 Учествува во процесот на идентификација на специфичните образовни потреби заедно со стручната служба и користи различни методи за диференцијација и индивидуализација на наставата IV-Б.2 Учествува во тимови за изработка на индивидуални образовни планови |
| II-А.13 Ја разбира потребата од кариерно советување на младите | Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и сл.) | ноември 2022 | БРО | Компјутер Презентација | II-Б.34 Се грижи за севкупниот развој на ученикот, вклучително и неговиот кариерен развој |
| III-А.5 / VII-А.6 Знае за можните закани по физичкта и психичкта безбедност на учениците III-А.6 Познава различни начини за справување со крзини ситуации | Справување со врсничко насилство и кибер насилство | ноември 2022 | БРО | Компјутер Презентација | III-Б.7 Користи соодветни стратегии за крзина интервениција во училиштето III-Б.8 Користи соодветни начини за справување со насилство и дискриминација |
| VII-А.4 Знае за можностите за појава и опасностите од дискриминација врз сите основи | Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и сл. | ноември 2022 | БРО | Компјутер Презентација | VII-Б.1.1 Поттикнува соработка меѓу сите чинители во училиштето за создавање безбедна средина и позитивна клима VII-Б.4.1 Создава клима за прифаќање и недискриминација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| II-А.14 Во тек е со новите научни сознанија за учењето и развојот на учениците<br>I-А.3 Ги знае факторите кои влијаат на процесот на учење и мотивација на учениците | Критичко размислување и решавање проблеми, вештини потребни за 21 век | ноември 2022 | БРО | Компјутер Презентација | II-Б.33 Начините на работа ги приспособува на развојните карактеристики и стилови и стратегии на учење на учениците<br><br>I-Б.3.1 Кај учениците гради високи лични стандарди за успех и позитивен став кон учењето |
| II-А.14 Во тек е со новите научни сознанија за учењето и развојот на учениците | Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици | Јуни 2023 | БРО | Компјутер Презентација | II-Б.38 Им помага на учениците да станат свесни за процесот за сопственото учење и ги оспособува учениците за самостојно учење и истражување |
| I-А.5 Познава различни концепти и модели за развој на инклузивно образование | Инклузивно образование во пракса | Јуни 2023 | БРО | Компјутер Презентација | I-Б.5.1 Избира соодветни приоди за инклузија |

*Во текот на јуни, јули и август, наставниците кои во учебната 2023/24 година ќе предаваат во III и VI одделение ќе започнат да следат обуки за Концепцијата во основно образование.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите во училиштето во текот на оваа година се одвиваше на повеќе начини. Посебно внимание се посветува на соработката со родителите преку индивидуални средби, разговори и родителски средби. За таа цел, беа изработени програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родители дава посебен придонес во унапредување на соработката. Родителите имаат можност да даваат свои предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето, со цел подобрување на условите за работа. Исто така, родителите се вклучуваа во изведување разни активности, при што се земаа во предвид нивните предлози, мислењата и сугестии. На почетокот на учебната година, преку изработка на флаери,

согласно воспоставената практика, родителите се информираат за организациската поставеност и за активностите кои ги изведува училиштето, нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците. Се организираа отворени денови за средби со родители, како и приемен ден на училиштето. Сите информации наменети за родителите се истакнуваа на огласна табла поставена во холот на двете училишни згради и на влезните врати, како и на веб страната на училиштето.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во текот на учебната година родителите континуирано и непосредно се вклучуваа во училиштето во секој сегмент, како и во процесот на учење. Преку родителските и индивидуалните средби, работилниците со родители, состаноците со Советот на родители и Училишниот одбор, редовно се информираа за наставниот процес од страна на директорот, наставниците и стручните соработници. Се реализираше соработка со родителите во инклузивниот тим за работа со ученици со потешкотии во развојот и за напредување на талентираните и надарените ученици.

Со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите, тие се вклучуваа во разни манифестации и промоции на училиштето, работилници, проекти, спортски настани, прослави, приредби, изработка на нагледни активности и др.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите се реализираше преку Советот на родители, едукативни онлајн предавања, реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители, со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех. Стручните соработници и наставниците во текот на учебната година спроведуваат советодавно-консултативни разговори со родителите и вршат едукација на родителите на учениците кои имаат слаб успех, голем број изостаноци, изречени педагошки мерки, како и оние кои имаат асоцијално однесување. Училиштето редовно ги известуваше и едуцираше родителите преку соопштенија, брошури, флаери и групни и индивидуални средби.

Училиштето формираше тим за подготовка и реализација на брошура за родители, со информации за позначајните содржини на Годишната програма за работа на училиштето, мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за тековната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

- **Локална заедница**

Со цел поголема промоција на училиштето во јавноста, како и за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, во текот на оваа учебна година беа планирани состаноци, презентации, разни средби, дебати, трибини и посети на институции. Училиштето соработуваше со Општината при реализација на разновидни активности: реализација на Еко-програмата, разни собири и здружувања за одредени спортски активности, проекти, отворени денови, промоција на активности од проектот МИО, соработка со бизнис заедницата.

- **Институции од областа на културата**

Учениците континуирано учествуваа на литературни и ликовни конкурси, додека во планирањата на наставниците беа планирани и организирани посети на музеи, изложби, културно-историски споменици, библиотека, театар, детски фестивал, саем на книгата.

- **Институции од областа на образованието**

Училиштето во оваа учебна година имаше соработка со:
- МОН при доставување на Годишната програма на училиштето, Годишниот извештај за работата на училиштето и тековна соработка при воведување и реализација на сите промени, укажувањата и новините кои произлегуваат од министерството
- БРО за унапредување на наставата, наставните програми, посета на обуки и семинари на наставниот кадар и др.
- општинскиот инспектор и активот на директори на ниво на општина за низа консултации, размена на искуства, тековни прашања и разни настани
- основните училишта за наставни и воннаставни активности (спортски натпревари и натпревари од други подрачја, литературни читања, размена на искуства помеѓу наставниците, проекти, конкурси и др.)

- **Невладини организации**

Училиштето има соработка со разни невладини организации, меѓу кои: Советодавен центар за деца и родители, МЦГО, МОФ, USAID, UNICEF“, СОС-Детско село - Скопје, Црвен Крст на град Скопје.

- **Спортски друштва**

Во рамки на училиштето работеше училишен спортски клуб УСК Кирил и Методиј-КИМ кој во соработка со ФУСМАК активно се вклучуваше во сите општински лиги организирани во текот на годината.

- **Здравствени организации**

За грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените и за реализација на програмата „Грижа за здравјето на учениците“, училиштето има соработка со: Здравствениот дом Поликлиника „Ченто“, Центарот за социјални грижи, осигурителни компании, МКФ-Меѓународна класификација за попречености, „Заводот за ментално здравје“, и други институции кои пружаат здравствени и психолошки услуги и со центрите за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на ученици.

- **Медиуми**

Промоцијата на училиштето оваа учебна година се вршеше преку соработката со најразлични печатени и електронски медиуми.. Поважните активности од наставната и вонnаставната работа се објавија во училишниот весник. Исто така, јавноста континуирано беше информирана за училишните случувања преку FB-профилот на училиштето (https://www.facebook.com/OOUKiriliMetodij/), училишната веб-страница (https://www.ooukirilimetodij.edu.mk) и веб-страна на општината.
Успешна промоција на работата на наставниците од подрачното во Страчинци беше направена на телевизија Алсат во месец декември.

## Годишен извештај за соработката со локалната средина за учебната 2022/2023 година

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти | Начин на реализација: со физичко присуство/ онлајн | Форма на реализација: групна/ индивидуална |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одбележавње Меѓународниот ден на мирот | Спортска активност за унапредување на меѓуетничката интеграција меѓу учениците | 21.09.2022 | ООУ Кирил и Методиј Општина Гази Баба | Спортски реквизити | Зголемување на свеста кај учениците против насилството и зголемување на меќусебната толеранција | физичко присуство | групна |
| Еднодневен излет од наставно - научен карактер во излетничко место Дељардовци | Запознавање на учениците со природните убавини, развој на свеста за зачувување на природата и околината, градење на културни навики и соодветно | 10.10.2022 | ООУ „Кирил и Методиј“ | | Зголемување на свеста кај учениците за значењето на физичката активност, здрави навики, како и за зачувувањето на природата | физичко присуство | групна |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | однесување при престој во природа | | | | | | |
| Соработка со основни училишта | Меѓусебно запознавање и презентираа карактеристики на културите во македонското општество | 21.10. 2022 | ООУ„Кирил и Методиј“, ООУ"Димо Хаџи Димов" Карпош | Литературни и ликовни творби | МИО активност | физичко присуство | индивидуална |
| Обука по прва помош | Учениците да добијаат информации за здрави навики за пубертет | 18.10.2022 20.10.2022 05.12.2022 | Црвен крст на Град Скопје | Предавање | Заштита на здравјето на учениците, важноста на првата помош и стекнување основни вештини за давање прва помош | физичко присуство | групна |
| Посета на НУБ„Св. Климент Охридски“- Скопје | Учениците се запознаа со дејноста на библиотеката и со интерес поставија прашања поврзани со читањето и нејзиното значење во културниот живот на читателите | 01.11.2022 | ООУ„Кирил и Методиј“, НУБ„Св. Климент Охридски“ | Презентација | Запознавање со библиотекарството, развивање љубов на учениците кон пишаниот збор | физичко присуство | групна |
| Одбележување на 20 Ноември - Светскиот ден на детето | Запознавање со трите форми на азбуката со кои се овозможува | 21.11.2022 | ООУ„Кирил и Методиј“, Здружението на граѓани „Свет на | Работилница | Залагање за правото на секое дете да може самостојно да чита и да се описменува | физичко присуство | групна |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | описменување и комуницирање на сите луѓе во светот | | Различни, а Еднакви“ | | | | |
| Едукативно предавање ,,Превенција од ХИВ/СИДА и сексуално-преносливи болести" во соработка со Општинската организација на Црвен Крст - Гази Баба | На учениците им беше укажано за пренесувањето (трансмисија), најчестите знаци (симптоми), што треба да се направи (третман) и како да се заштитат од ХИВ/СИДА | 01.12.2022 | Црвен Крст - Гази Баба | Предавање | Учениците научија за пренесувањето (трансмисија), најчестите знаци (симптоми), што треба да се направи (третман) и како да се заштитат од ХИВ/СИДА | физичко присуство | групна |
| Посета на детски фестивал „Златно славејче“ | Да стекне знаење и навики за правилно однесување при посета на културна установа и да развие љубов и интерес кон музиката | 05.12.2022 | Сојуз за грижи и воспитување на град Скопје | Концерт | Учениците се стекнаа со знаење и навики за правилно однесување при посета на културна установа и да развие љубов и интерес кон музиката | физичко присуство | групна |
| Натпревар во рамките на прviот круг натпревари од „Ученичка квизотека“ | Промовирање на знаењата | 13.11.2022 | ДКЦ „Карпош“ - Скопје | | Промовирање на знаењата | физичко присуство | Групна/ индивидуална |
| Посета на | Запознавање | 27.12.2022 | театар | Театарска | Учениците се | физичко | групна |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| детската претстава во Домот на културата „Димитар Влахов" во општина Гази Баба. | со театарот и стекнување навики за културно однесување на театарска претстава и да развијат љубов кон театарот | | "Чекори" | претстава | запознаа со театарот и стекнаа навики за културно однесување на театарска претстава и развија љубов кон театарот | присуство | |
| Работилница за изработка на мартинки | Ликовна работилница | 27.02.2023 | општина Гази Баба | пано | Учениците го промовираа нашето училиште со стекнато знаење | присуство | групна |
| Свечено пуштање на филскутурната сала „Бобан Ивановиќ„ | Промоција на нашето училиште | 03.03.2023 | ООУ„Кирил и Методиј„ општина Гази Баба | приредба | Промоција на нашето училиште | присуство | групна |
| Одбележувањето на Националниот ден на унгарскиот народ | Промоција на нашето училиште | 15.03.2023 | ООУ„Кирил и Методиј„ Унгарска амбасада | конкурс | Учениците го промовираа нашето училиште со стекнато знаење | физичко присуство | индивидуална |
| Реализирана е посета на Археолошки музеј на Македонија | запознавање со особеностите на различните стилови на античката уметност во мозаикот, архитектурата, вајарството, вазното и | 29.03.2023 | Археолошки музеј на Македонија | Археолошка поставка | Учениците се запознаваа со особеностите на различните стилови на античката уметност во мозаикот, архитектурата, вајарството, вазното и фреско- | физичко присуство | групна |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | фреско-сликарството | | | | сликарството | | |
| Меморијалниот турнир Играме од срце за Алек | спортски активности | 27.04.2023 | ООУ „Вера Јоциќ“ ООУ„Кирил и Методиј„ | спортски активности | | физичко присуство | групна |
| Стоматолошки преглед-Поликлиника Ченто | Здравствена заштита на учениците | 31.10.2022 07.12.2022 15-16.03.2023 28.03.2023 29-30.05.2023 | Поликлиника „Ченто“ | преглед | Здравствена заштита на учениците | физичко присуство | индивидуална |
| Вакцинација во Поликлиника Ченто | Здравствена заштита на учениците | 16.09.2022 18.10.2022 18.11.2022 30.05.2023 | Поликлиника „Ченто“ | вакцинација | Здравствена заштита на учениците | физичко присуство | индивидуална |

## Годишен извештај за јавна и културна дејност за учебната 2022/2023 година

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓународниот ден на мирот | Спортска активност за унапредување на меѓуетничката интеграција меѓу учениците од подрачното и централното училиште | 21.09.2022 | Наставници по физичко и здравствено образование: Дарко Костовски, Фатон Ганиу, Сабир Ајрула и Филип Мојсовски, поддржано од директорката на училиштето | цвеќиња | Промовирање на училиштето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, реализиран од страна на Македонски центар за граѓанско образование во соработка со МОФ | Презентација на 5 годишна | 21.09.2022 | УСАИД | / | зајакнување на меѓуетничката кохезија во училиштата, граѓанското однесување на учениците и младинското учество |
| Есенски крос | Натпревари со цел развивање на спортски навики кај учениците | 03.10.2022 | Општина Гази Баба | / | Развивање на спортски навики кај учениците и грижа за нивното физичко здравје |
| Скијачката федерација на Македонија | Презентација на Нордиското скијање | 05.10.2022 | Борче Јовановски претставник - тренер на скијачката федерација на Македонија | | популаризација и доближување на овој спорт до младите генерации и нивно активно вклучување во клубовите |
| Денови на Еразмус+ | Споделување на стекнати искуства од проектите реализирани од страна на наставниците и учениците | 13/15.10.2022 | Еразмус+ | | Активности за споделување стекнати искуства |
| Соработка со основни училишта | Меѓусебно запознавање и презентираа карактеристики на културите во македонското општество | 16.11. 2022 | ООУ„Кирил и Методиј“, ООУ"Димо Хаџи Димов" Карпош | литературни творби, творење на ликовни творби и спортски активности-игри во шах. | МИО активност |
| Посета на НУБ„Св. Климент Охридски“ | Да се запознаа со улогата и значењето на Националната библиотека како референтен центар каде што се чуваат и се читаат монографски, сериски публикации и други видови на средства за едукација од природните и | 01.11.2022 | Учениците од 4 одд. одделенски раководители Габриела Постоловска, Дијана Илиевска и библиотекар Вера Стојаноска | / | Интересирес кон библиотеката, за литературните и културно - образовни дејци како и за нашата културна традиција |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | општествените науки од сите области на животот, како и од културата и литературата | | | | |
| Светскиот ден на храната и Ден за борба против гладта | Хуманитарна акција Донираните средства од хуманитарната акција беа наменети за помош на семејства од нашето училиште | 14/21.11.2022 | ООУ„Кирил и Методиј | прехранбени продукти | Акцијата донирање на прехранбени продукти |
| Екозвон | Работилница на тема Дали знаеме колку е штетен Е-ОТПАДОТ? | 21.11.2022 | општина Гази Баба, Екозвон со учениците од четврто одделение | постери | Стекнаа знаења за штетноста на Е-Отпадот |
| Светскиот ден на детето | работилницата која овозможи да се запознаат сите три форми на азбуки на сите букви од нашата азбука кирилица | 21.11.2022 | Здружението на граѓани „Свет на Различни, а Еднакви“, авторката Гордана Симоновска Момироска и Снежана Коневска Руси | Инклузивната сликовница “БУКВА ПО БУКВА - АЗБУКА“ | запознавање со трите форми на азбуката со кои се овозможува описменување и комуницирање на сите луѓе во светот, секое дете да може самостојно да чита и да се описменува |
| Промоција на проектот: Патеки за сите | еднодневна едукативна тура на Скопска Црна Гора | 26.11.2022 | Сојузот на училишен спорт, заедно со планинарскиот клуб I Love Hiking | / | грижа за нивното физичко здравје |
| Детскиот музички фестивал “Златно славејче” | Развивање љубов кон детските музички фестивали | 05.12.2022 | Македонска филхармонија | / | Развивање љубов кон детските музички фестивали, песните |
| Обука Прва помош Црвен крст | предавање и вежбовни активности | 05/06.12.2022 | Црвен крст на Град Скопје | вежба | Учениците да се запознаат со давање прва помош. |
| учество во квиз | Промоција на нашето училиште во учество на квиз | 12.12.2022 | Детски Културен центар | квиз | Учениците го промовираа нашето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | училиште со стекнато знаење |
| Посета на Театарот "Чекори" | новогодишна театарска претстава | 27.12.2022 | Општина Гази Баба | / | Преку претставата им ја пренесоа пораката дека секогаш доброто го победува злото и им посакаа Среќна Нова Година |
| Прием на второодделенците во училишната библиотека | Зачленувањето во училишната библиотека која е на располагање со сите свои книги и учебници кои им се потребни во понатамошното образование | 06.12.2022 | Библиотекар на училиштето со учениците од одделенија од одделенска настава | приредба | Учениците се запознаваа со работата на училишната библиотека |
| Работилница за изработка на мартинки | Ликовна работилница | 27.02.2023 | општина Гази Баба | пано | Учениците го промовираа нашето училиште со стекнато знаење |
| Свечено пуштање на филскутурната сала „Бобан Ивановиќ„ | Промоција на нашето училиште | 03.03.2023 | ООУ„Кирил и Методиј„ | приредба | Промоција на  нашето училиште |
| Одбележувањето на Националниот ден на унгарскиот народ | Промоција на нашето училиште | 15.03.2023 | ООУ„Кирил и Методиј„ | конкурс | Учениците го промовираа нашето училиште со стекнато знаење |
| Денот на пролетта и екологијата | Одбележување на денот на екологијата | 21.03.2023 | ООУ„Кирил и Методиј„ | | креативни пролетни и еко активности |
| Светскиот ден на водата | работилница | 22.03.2023 | ООУ„Кирил и Методиј„ | давање значење и вреднување на водата која живот значи. | презентации за водата, изготвување на креативни и едукативни изработки, работилници |
| Одбележување на Светскиот ден на здравјето под мотото „Здравје за | едукативни работилница | 07.04.2023 | ООУ„Кирил и Методиј„ | | подигнување на свеста за значењето на здравјето, здравата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| сите | | | | | исхрана и здравиот начин на живот и сè со една цел, да го зачуваме своето здравј |
| Едукативна училишна програма за пубертетот | едукативно предавање за лична хигиена за време на пубертетот | 13.04.2023 | ООУ„Кирил и Методиј„ Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и P & G | едукативно предавање за лична хигиена за време на пубертетот | подигнување на свеста за значењето на здравјето, |
| одбележување на Денот на планетата Земја-22 април | „Инвестираме во нашата планета“ | 21.04.2023 | ООУ „Кирили Методиј“ | творби, цртежи, презентации и практични игри | идеи за заштита на планета и за нејзиното зачувување |
| Меморијалниот турнир ИГРАМЕ ОД❤ЗА АЛЕК | спортски активности | 27.04.2023 | ООУ „Вера Јоцич“ | спортски активности | |

## 23. Извештаи за работата на:

- Директор
- Педагог
- Психолог
- Специјален едукатор и рехабилитатор
- Библиотекар
- Училишен одбор
- Совет на родители
- Наставнички совет
- Стручни активи
- Одделенски совет

**Годишен извештај за работата на директорот во учебната 2022/2023 година**

Работата на директорот е насочена кон унапредување на сите сегменти на воспитно образовната работа и целосно остварување на целите и задачите на воспитно – образовниот процес во училиштето и образованието.

Директорот ги врши следниве работи:

- го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законито работење,
- ја организира, планира и ја води работата на основното училиште,
- ја следи и унапредува воспитно - образовната работа во училиштето,
- подготвува Развојна програма на училиштето,
- подготвува предлог на годишна програма за работа и извештај на училиштето,
- е одговорен за реализација на годишната програма за работа,
- е одговорен за остварување на правата и обврските на учениците,
- е надлежен за пријавување на кој било облик на насилство, злоупотреба и занемарување сторено врз ученик, до надлежните институции утврдени со закон,
- врши избор на наставници, стручни соработници и друг административно-технички кадар согласно закон и актите на училиштето,
- врши распоредување на наставници, стручни соработници и друг административно-технички кадар,
- одлучува за престанок на работен однос на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно закон и колективен договор,
- врши контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја на наставниците и стручните соработници,
- поттикнува, следи и организира стручно оспособување и усовршување на наставниците и стручните соработници,
- организира менторство за наставниците-приправници, стручните соработници-приправници, воспитувачи-приправници, присуствува на часови во наставата согласно планот за посета на часови од годишната програма за работа на училиштето, за што составува препораки и забелешки од остварената посета кои се приложуваат кон професионалното досие на наставникот и ја следи работата на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и ги советува,
- ја следи работата на училишниот педагог, психолог и другите стручни работници,
- се грижи за соработката со родителите односно старателите,
- ги известува родителите односно старателите за работата на училиштето и за измени на правата и обврските на учениците,
- одлучува за воспитните мерки,
- ја организира и следи работата на училишниот инклузивен тим и други тимови во училиштето,
- ја следи работата на стручните органи во училиштето,
- ја поттикнува и следи работата на заедницата на учениците,
- обезбедува извршување на одлуките на училишниот одбор,
- ја донесува систематизацијата на работните места на училиштето,
- одлучува за склучување договори за работните односи,
- го формира училишниот инклузивен тим,
- покренува постапка за дисциплинската одговорност на вработените во училиштето,

- се грижи за соработката на училиштето со здравствената установа во општината и
- врши други работи согласно закон и статутот на училиштето.

Освен горенаведените работи, директорот на основното училиште со ресурсен центар ги врши и следниве работи:

- врши избор на образовни и лични асистенти кои им даваат поддршка на основните училишта во работата со ученици со попреченост,
- врши распоредување на образовни и лични асистенти кои им даваат поддршка на основните училишта во работата со ученици со попреченост и
- поттикнува, следи и организира стручно оспособување и усовршување на образовните и личните асистенти кои им даваат поддршка на основните училишта во работата со ученици со попреченост.

Директорот, како педагошки раководител во училиштето, во функција на таа примарна компонента, предметот и содржината на својата работа глобално ја структуираше во две основни групи на работа и тоа:

- Административно-организаторска
- Педагошко-инструктивна

Во рамките на првото подрачје директорот се јавува како организатор и иницијатор на целокупната работа во училиштето. Како орган на раководење ги спроведува насоките и одлуките што ги донесуваат органот на управување и стручните органи (Училишен одбор, Наставнички и одделенски совет, одделенски раководители, стручни активи).

**Административната работа подразбира финансиска, материјална, нормативна (проучување закони и прописи), извршување увид, давање помош и вреднување и корекција.**

***Во однос на организационо-техничко средување на училиштето, во училиштето се направи функционална распореденост на учениците во двете училишни згради, со почитување на уредби и закони. Изготвени се протоколи за учениците за настава со физичко присуство и за настава на далечина. Опремени се сите училници со технологија и интернет конекција за непречено двивање на наставата, а за наставниците и стручните соработници се набавени 45 преносни компјутери за реализација на настава од дома.***

***Во однос на административно–правната работа директорот во соработка со органот на управување учествува во изготвување на нацрт документи.***

Го следи водењето на педагошка документација, документацијата за планирање на воспитно-образовната работа, документацијата за следење на воспитно-образовната работа, документација за истражувања и испитувања извршени во училиштето. Изготвува документација за извршени посети на часови во услови на пандемија.

***Следењето на организацијата и реализацијата на наставно - образовната работа и друга стручно педагошка работа во училиштето се реализираше преку:*** увид во годишните и тематските планирања и програмирања на наставата и воспитно образовната работа; преглед на одделенските дневници и матични книги со осврт на истите; увид, следење, насочување и водење евиденција за изработка на дневните планирања; увид,контрола и следење на остварување на стручните оперативно-организациски, материјално-техничките и дидактичко-методските подготовки за реализација на наставната и вонnаставната активност, посета на

часови, посета на часот на одделенскиот раководител со цел да се види реализацијата на воспитната компонента во наставата, посета на часови за додатна и дополнителна настава, остварување на задолжителни разговори, консултации
советување и давање помош на наставниците за подобрување на состојбите, насочување и следење на активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на училиштето. Наставните планови и програми се реализираат во целост и се во согласност со донесените програмски документи од МОН, затоа што реализацијата на наставните планови програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепциите за основно образование.
Наставниците редовно ги информираат родителите, учениците и другите заинтересирани субјекти за целите/стандардите на наставниот план и програми. Со сите ученици со посебни образовни потреби се работи според ИОП и за нив постои инклузивен тим на ученикот. Училиштето нуди можност за избор од повеќе изборни предмети. Се реализираат слободни ученички активности според интересите и желбите на учениците од разни области. Училиштето се вклучува во активности на локалната самоуправа. Се организираат воннаставни активности со учество на голем број ученици
***Работа со наставници - педагошки увид во наставата се остварува*** преку непосредна стручна методско - дидактичка помош во реализацијата, непосредна стручна помош на наставник почетник (реализација на обуки), следење и вреднување на работата, следање на реализацијата на планот за унапредување на училишното оценување. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.).
Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди.
***Работа со стручни органи и тимови во училиштето се реализираше преку*** запознавање со соодветните законски акти за дејноста; Формирање училишен инклузивен тим, за период од три години кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште.
Формирање инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма
Формирање тим за училишна интеграција за период од три години, составен од седум члена **и тоа претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител** од редот на стручните соработници и наставници; Помош во планирање и реализација на задачите на Одделенските совети; Помош, учество, давање насоки за работа на стручните активи; Помош, следење на реализација на часот на одделенскиот раководител; Запознавање со соодветните законски акти за дејноста; Редовно следење на литература за организацијата на работа на стручните органи во училиштето; Поттикнување стручни и целосни расправи по сите прашања кои се на дневен ред на состаноците; Подготвување и водење на седниците на Наставнички совет и настојување да се реализираат донесените заклучоци; Поднесување извештаи пред Наставнички совет за превземените мерки во врска со унапредувањето на ВОР во училиштето.
***Работата со учениците и ученичките организации се остваруваше преку индивидуален контакт;*** Свикување на првиот состанок на ученичкиот парламент; Помош во конструирање и работа на ученичките организации; Помош во работата на новодојдените ученици и надарени ученици; Работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување; Работа со ученици кои

покажуваат слаби резултати; Насочување и давање помош во организирање на културно забавниот и спортскиот живот на учениците; Поттикнување за естетско уредување на просторот во училиштето; Поттикнување на соработка со локалната средина (со организациите од општината) преку ученички иницијативи.

За оваа цел директорот на училиштето направи интервју со ученикот правобранител, претседателот на ученичкиот парламент и членовите на парламентот и тие го изјавија следново:

Им се допаѓаат:

- Можностите за вклучување во различни проекти.
- Мотивацијата од училиштето за учество во натпревари.
- Правење проекти со ученици од различна етничка и национална припадност од нашата и од другите европски држави.
- Можноста учениците да го кажат своето мислење и дека нивниот глас се слуша во училиштето.
- Учеството на состаноците на училишен одбор, наставнички совет и совет на родители.
- Вклученоста во хуманитарни акции.
- Им се допаѓа опременоста на училниците со смарт табли и ЛЦД проектори

***Аналитичко-студиска работа и осовременување на воспитно - образовната работа подразбира*** изработка на анализи, извештаи на постигнатите резултати во работата на училиштето; изготвување информации: за работа на ученичките организации
за одржување натпревари на учениците за соработка со др. воспит.образ.институции; упатување на наставниците во аналитичка работа во наставата и останатите области.

***Соработката со стручни служби во училиштето и стручни институции надвор од Училиштето*** подразбира учество во работата на стручните соработници во училиштето при програмирање, следење и контрола над работата; Соработка со МОН, Биро за развој на образование и локалната заедница; Соработка со стручни организации, друштва и институции; Обезбедување на стручно усовршување на наставниот кадар преку семинари, курсеви, консултативни состаноци, следење евиденција и увид во резултатите од тоа усовршување.

***Перманентно стручно педагошко-психолошко усовршување на наставниот, воспитниот и друг стручен кадар подразбира*** грижа за обезбедување на училиштето со неопходна стручна литература како и поттикнување за користење на истата; упатување на воспитно-образовниот кадар на стручно усовршување надвор од училиштето (повратно информирање за ефектите од советувањето); Запознавање со општата програмска структура, посебно со измените и дополнувањето на наставните планови и програми; Непосредна стручна помош како и воведување во задачите на наставниот предмет што го предава: наставник-почетник, новодојден - наставник во училиштето; Давање поддршка во работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување; Давање поддршка во работа со ученици кои покажуваат послаби резултати во учењето. Училиштето обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Редовно се врши дисеминација од спроведените обуки за планирањата на наставниците и стручните соработници. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначено лице се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување.

Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.

***Соработка со родителите на учениците*** подразбира непосредно вклучување на родителите во процесот на реализацијата на плановите и програмите во училиштето; Планирање, програмирање и грижа за реализација на задачите за работа на Советот на родители; Планирање, подготовка и реализација на соработката со родителите; Помош во планирање и реализација на состаноците со родителите; Организирање и координирање на активности за информирање на родителите; Непосредно учество во педагошкото образование на родителите; Индивидуални и групни средби и разговори со родителите; Откривање на родители кои можат да се вклучат и придонесат во реализирање на одредени активности; Редовно информирање на родителите од животот и работата со училиштето, непосредно и посредно преку одделенските раководители; Навремено запознавање на родителите со редот во училиштето. Со заеднички активности, тимска работа, професионалност и одговорност и со вклучување на родителите, создаваме училиште со современ образовен процес кое нуди поддршка на детските права и мултикултурализмот, инклузивноста, ефективноста, здравјето, сигурноста и безбедноста и услови за квалитетна, ефикасна и ефективна настава преку која се изградуваат личности со развиена свест и способности за колективен и индивидуален развој и оспособени за живеење во мултиетничко општество. Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.
Учеството на родителите во училиштето се планира и се одвива на повеќе начини. Посебно внимание се посветува на соработката со родителите преку индивидуални средби, разговори и родителски средби. За таа цел, беа изработени програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родители дава посебен придонес во унапредување на соработката. Родителите имаат можност да даваат свои предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето, со цел подобрување на условите за работа. Исто така, родителите се вклучуваа во изведување разни активности, при што се земаа во предвид нивните предлози, мислењата и сугестии. На почетокот на учебната година, преку изработка на флаери, согласно воспоставената практика, родителите се информираат за организациската поставеност и за активностите кои ги изведува училиштето, нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците. Во Годишната програма се планираат средби со родители и приемен ден на училиштето. Сите информации наменети за родителите се истакнуваа на огласна табла поставена во холот на двете училишни згради и на влезните врати, како и на веб страната на училиштето.

***Други работни задачи на директорот*** постојано обезбедување материјално-технички услови за работа; следење и увид во финансиско-административното работење во училиштето; грижа за хигиената во училиштето; следење на законските прописи; работа со управните органи; подготовка и учество во седниците на Училишниот одбор и неговите комисии и тела; подобрување на климата во училиштето; предлага Комисија за самоевалуација; подготвува Развојна програма.

Во училиштето се организираа предавања за здравствена заштита и превенција, обуки за заштита при работа, показни вежби во двете училишни згради.
Минатата година реализирани се шест мобилности од Еразмус + проектите: Да го победиме заедно врсничкото насилство и Да изградиме демократска и инклузивна училишна клима со физичко присуство (Шпанија, Шведска, Италија и Чешка), а во една мобилност ние бевме домаќини на учесници од Турција, Шпанија, Италија и Шведска.
Во текот на учебната 2022/2023 година реализирани се повеќе јавни набавки на нагледни дидактички материјали и извршени се реконструкции во двете училишни згради:

- Направена е целосна реконструкција на училишниот двор во подрачното училиште во Страчинци, со доградба на потпорен ѕид, поплочување со бекатон и естетско и функционално уредување со летниковци, кои ќе овозможат успешно реализирање на наставни и воннаставни активности со учениците во отворена училница;
- Набавени се нагледни средства и принтери за успешна реализација на новите наставни програми и копир А3 копир за печатење и копирање на електронските дневници;
- Опремени се двете училишни згради со шкафови за чување на нагледните средства;
- Целосно е опремен кабинетот по хемија и биологија, со спроведена инсталација на вода и одвод;
- Набавени се нагледни средства по природна група предмети;
- Набавена е комплетна опрема за опремување на фискултурната сала во централното училиште која е во својата втора фаза од изградбата;
- Адаптиран е задниот влез на училиштето заради безбедност на учениците и вработените со поплочување околу училишната зграда и на предниот влез;
- Направено е уредување на внатрешно игралиште во просторот меѓу училишната зграда и фискултурната сала, во кој се интервенира со нова врата, скали, вештачка трева.
- Направени се табли за означување на двете училишни згради;
- Направена е нова голема влезна врата во централното училиште за овозможување топол влез на нашите ученици во фискултурната сала;
- Набавени се таблети за учениците и доопремени се двете училишни библиотеки.
- Доизградена, опремување и пуштање во употреба на фискултурната сала во централното училиште во Стајковци;
- Реконструиран е училишниот двор во централното училиште Стајковци.

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.
Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотеката има читална, добро е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет и библиотечната евиденција се води во согласност со Законот за библиотеките. Во библиотеката

се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.
Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на скоро сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.
Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.
Училиштето реализира законски пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.
Во својата работа, во време на здравствена и економска криза, директорот успешно ги менаџираше расположивите средства, со навремена набавка на ресурси за затоплување во двете училишни згради и редовно подмирување на сите давачки.

## Годишен извештај за работата на педагогот на училиштето за учебната 2022/2023 година

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на педагогот, од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја:

| Содржина на работата | Време |
|---|---|
| ***1. Планирање, програмирање, организација на воспитно-образовната работа*** | ***VIII-VII*** |
| ***1.1 Изработка на Годишна програма за работа на училиштето*** | ***VIII*** |
| • Планирање на приоритети за учебната година<br>• Планирање на ВОР<br>• Усогласување на Годишната програма<br>• Планирање на проекти | |
| ***1.2 Координира активности при изработка на програми за различни сегменти од работата на училиштето*** | ***VIII-VII*** |
| • Давање насоки-упатства на носителите на активности за изработка на програмите<br>• Насочување на носителите на активности за изработка на програмите кон приоритетите за учебната година<br>• Следи реализација на активностите | |

| | |
|---|---|
| ***1.3 Унапредување на оценувањето*** | ***VIII-VII*** |
| • Планирање на приоритети и инструменти за вреднување<br>• Следење на реализација на планираното<br>• Увиди во инструменти за оценување на наставниците<br>• Увиди во педагошки картони и наставнички портфолија и анализа | |
| ***1.4 Професионален развој на наставниците*** | ***VIII-VII*** |
| • Водење на евиденција за посетени семинари од наставниците<br>• Внесување на податоци во педагошки картон и професионално досие<br>• Планирање на приоритени обуки | |
| ***1.5 Самоевалуација и развојно планирање на училиштето*** | ***IX-X*** |
| • Учествува во изготвување на анкетни прашалници и упатства за самоевалуација на ООУ | |
| ***2. Педагошко-инструктивна работа со наставниците*** | ***IX-VI*** |
| ***2.1 Помага во дидактичко-методското конципирање на наставата-избор на стратегии на поучување, форми и методи*** | ***IX-VI*** |
| • Помага на наставниците во унапредување на планирањата<br>• Помага во иновирање на наставата,индивидуализирана настава<br>• Со наставниците учествува во подигање на квалитетот на ученичките знаења и вештини–решавање на проблеми, примена во вежби, анализи, синтеза, евалуација<br>• Помага на наставниците во примена на современите дидактичко-методски иновации<br>• соработка во организација и реализација на дополнителна, додатна настава и воннаставни активности<br>• Анкети и нивна обработка<br>• Работи со наставници-приправници<br>• водење на Професионално портфолио,ПК,ПД<br>-Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи приоди во наставата;<br>-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со редовното оценување на учениците;<br>-Педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик-ученик, ученик-наставник-родител;<br>-Помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања;<br>**-Советодавна работа со наставниците за вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички** активности, како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење;<br>-Посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки, консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови;<br>-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница, во соработка со одговорните наставници; | **IX-VI** |

| | |
|---|---|
| -Советодавно-консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација;<br>-Стручна помош при изготвување на програми за вonнаставни активности и учество во организација и реализација на дел од воннаставните активности. | |
| ***2.2 Унапредување на наставата со новата концепција*** | |
| • Следи квалитет на планирања<br>• Следи реализација на настава<br>• Помага во изработка на инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците | |
| ***2.3 Примена на ИКТ во наставата*** | |
| • Следи квалитет на планирања и реализација на настава | |
| ***2.4 Унапредување на оценувањето*** | |
| • Следи квалитет на планирања<br>• Помага во изработка на инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците<br>• Следи квалитет на оценувањето<br>• Помага во водење на Професионално портфолио<br>• Води педагошки картон и Професионално досие за наставникот | |
| ***2.5 Соработува со одделенските раководители*** | |
| • Помош во изработката на планирања за часот на одделенскиот раководител-образование за животни вештини<br>• Помага во решавање на проблеми на паралелката | |
| ***2.6 Реализација на проекти во кои учествува училиштето*** | |
| • Изработува инструменти за реализација на Самоевалуација<br>• Спроведува самоевалуација по подрачја<br>• Формулирање на нацрт заклучоци и Самоевалуација<br>• Анализира постигнатост на цели од програма за развој на училиштето<br>• Следење на активности<br>• Прибирање и документирање на изработки<br>• Учествува во планирање и реализација на активности за „Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем“<br>• Координира соработка помеѓу У-Н-Р<br>• Води активности за демократска партиципација на Ученичкиот Парламент<br>• Прибира документи и води евиденција за реализирани активности | |
| ***2.7 Испитување на образовните потреби на учениците, родителите, ученички парламент, Советот на родители и локалната заедница*** | |
| • Соработува со одд. раковод на запознавање со способностите на учениците, семејна состојба и ученичкиот парламент<br>• Помага во решавање на образовни, воспитни и развојни проблеми на учениците | |

| ***3. Работа со ученици*** | ***IX-VI*** |
|---|---|
| • Учество во испитувањето на зрелоста на учениците за поаѓање во прво одделение<br>• Формира паралелки во прво одделение<br>• Советување на ученици<br>-Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста;<br>-Педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост;<br>-Давање помош и поддршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности;<br>-Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби во својство на член на инклузивниот тим;<br>-Откривање на ученици со поголеми можности за напредување и развој советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања;<br>-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница;<br>-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците;<br>-Следење на протоколите за заштита од Корона –вирусот. | **V, VI, VIII** |
| Прием и распоредување на:<br>• Новозапишани ученици<br>• Повторувачи и неоценети ученици<br>• Групи за изборни предмети- анкета на У-Р, обработка, формирање групи | **IX- V** |
| ***3.1 Следење на развојот на учениците*** | |
| • Следење на социјализацијата и адаптацијата на учениците<br>• На првачињата и ново примени ученици | |
| ***3.2 Советодавна работа при разрешување на интелектуални, емоционални, семејни проблеми*** | |
| • Индивидуална советодавно-консултативна работа со учениците<br>• Кои имаат неоправдани изостаноци<br>• Кои покажуваат асоцијално или несоодветно однесување<br>• Кои имаат здравствени или развојни потешкотии | |
| ***3.3 Работа со Ученички парламент и одделенските заедници*** | |
| ***3.4 Професионална ориентација*** | |
| • Планирање на активности<br>• Презентација на Конкурси за упис во средни училишта | **XI,<br>IV, V** |
| ***3.5 Работа со ученици со развојни потреби*** | |
| • Ученици со потешкотии во учењето;<br>• Изработка на програма за работа со ученици со потешкотии во учењето | **X-V** |

| | |
|---|---|
| • Евидентирање на ученици со потешкотии во учењето<br>• Учествува во Училишен инклузивен тим<br>• Изработка на програма за работа со надарени ученици<br>• Евидентирање на надарени ученици<br>• Учествува во училишен тим за работа со надарени ученици | |
| ***3.6 Развојно следење на напредокот на учениците*** | |
| • Изготвување на инструменти за следење и вреднување<br>• Креирање, примена и интерпретација на аспекти на воспитно -образовната работа<br>• Го следи напредокот на учениците со кои е вршена советодавно- консултативна работа<br>• Следи ре-вакцинации на учениците<br>• Следи запишување на учениците во прво одделение<br>• Следи и насочува ученици според интерситe за изборни предмети | |
| ***4. Работа со родители*** | ***IX-VI*** |
| • Поддршка на родителите при вклучување во работата на училиштето<br>• Педагошко-психолошка поддршка на родителите<br>• Советување на родители<br>• Едукација на родителите за меѓуетнички интеграции<br>• Едукација на родителите со развојните карактеристики на детето<br>• Вклучување на родителите во тековните проекти<br>• Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето, проблеми со редовноста и дисциплината;<br>• Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби;<br>• Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми. | |
| ***5. Аналитичко-истражувачка работа*** | ***IX-VI*** |
| • Самоевалуација<br>• Анализа на запишувањето во прво одделение<br>• Анализа на квалитетот на оценувањето<br>• Анализа на изостаноци<br>• Анализа на успехот и поведението на учениците по квалификациони периоди<br>• Презентација на истражувања пред стручни органи и тела<br>-Помош при изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот во првото тромесечие и полугодие;<br>-Изготвување извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава;<br>-Изготвување на тромесечниот и полугодишен извештај за работата на училиштето. | |
| ***6. Работа на стручни органи и тела во училиштето*** | ***IX-VI*** |

| | |
|---|---|
| • Изработка на насоки, упатства, презентации,протоколи<br>• Известување за резултатите од анализи,прегледи, истражувања<br>• Работа и координација на училишни тимови<br>- тим за самоевалуација<br>- тим за унапредување на оценувањето<br>- тим за професионален развој<br>• Учество во работата на одделенските совети<br>• Учество во работата на Наставничкиот совет<br>• Помош и учество во работата на стручните активи<br>• Помош и учество во работата на на Советот на родители<br>• Конципирање и изработка на правилници за прашања од воспитно-образовната работа<br>-Следење на работата од проектите<br>-Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар;<br>-Следење и вреднување на наставниот процес (посета на часови);<br>-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците;<br>-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната, додатната и дополнителната настава;<br>-Следење и учество во организација и реализација на вonнаставните активности;<br>-Следење на постапките на оценување на учениците;<br>-Следење на успехот и редовноста на учениците;<br>-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности;<br>-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците;<br>-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;<br>-Работа на превенција на појави на насилно однесување во училиштето и превенирање на случаи на дискриминација. | |
| ***7.Соработка со стручни институции*** | ***IX-VI*** |
| • Соработка со општествени,стручни институции, невладини организации<br>• Соработка со институции од локалната заедница, основни училишта<br>• Соработка со здравствени установи и центри, основни и средни училишта<br>• Работи на сопствено стручно усовршување<br>• Работа во стручни здруженија, организации, активи на педагози и психолози<br>-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно - образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа);<br>-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;<br>-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето. | |
| ***8. Обработка на материјали и прегледи*** | ***IX-VI*** |

| | |
|---|---|
| • Пополнување статистички прегледи за почеток-крај на учебната год.<br>• Пополнување прегледи од општина, МОН, ДПИ,БРО, др<br>• Пополнување податоци за реализирани часови<br>• Пополнување статистички материјали за институции | |
| ***9. Водење на педагошка евиденција и документација*** | ***IX-VI*** |
| • Водење на евиденција и документација за сопствената работа:<br>а. дневник за работа,<br>б.досиеја за работа со ученици,<br>в. документација на истражувачката работа,<br>г. прегледи, извештаи<br>д. Анкети<br>-Изготвена годишна програма за сопствената работа;<br>-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани активности и содржини;<br>-Водење хронолошки дневник за работа;<br>-Водење евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница;<br>-Водење педагошки картон за работата на наставниците;<br>-Водење професионално досие на наставниците;<br>-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа. | |
| ***10. Сопствено стручно усовршување*** | ***IX-VI*** |
| • Соработка со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ на РСМ<br>• Следење стручна литература и периодика<br>• Учество на Активи на педагози<br>• Соработка со институции од интерес за воспитно- образовната работа<br>• Центар за социјални работи<br>• Завод за ментално здравје на деца и младинци<br>• МВР-малолетничка деликвенција<br>• Здравствен дом<br>-Изготвување личен план за професионален развој;<br>-Учество во размена на искуства преку активно учество во Здружението на педагози на основни училишта на град Скопје „Современ педагог” за изготвување на протокол за работа на педагозите за време на здравствената криза предизвикана од Корона вирусот;<br>-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература;<br>-Учество на онлај работилници;<br>-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;<br>-Изготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците; | |

| | |
|---|---|
| -Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес. | |
| ***11. Изработка на стручни материјали и/или презентации*** | ***IX-VI*** |
| ***12. Подготовки за работа*** | ***IX-VI*** |
| • Подготовка на материјали, инструменти, презентации и работилници. | |

| Задача и цел | Активности | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати исходи и ефекти | Начин на реализација: Со физичко присуство/ онлајн | Форма на реализација: Групна/ Индивидуална |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Годишна програма за работа | Изготвување на годишна програма за работа на педагог | септември | Педагог | БРО Годишна програма на училиштето | Професионален развој | физичко присуство | индивидуална |
| Протокол за работа | Изготвување на протокол за работа | октомври | Педагог | Здружение на педагози | Професионален развој | физичко присуство | групна |
| Водење евиденција | Изготвување на ПК и ПД | октомври | Педагог Наставници | Прибирање податоци | Водење евиденција | физичко присуство | групна |
| Водење евиденција | Следење и водење на педагошка евиденција и документација во училиштето | ноември јануари април јуни | Педагог Наставници | Е-дневник | Водење евиденција | онлајн | индивидуална |
| Следење на вос.-обра.работа на учениците | Следење на успехот и редовноста на учениците | ноември јануари април јуни | Педагог Наставници | Пишани и усни информации | Следење на успехот и поведението на учениците | физичко присуство онлај | индивидуална |
| Следење на вос.-образовната работа на учениците | Изготвување на тромесечни извештаи | ноември април | Стручна служба | Податоци | Следење на успехот и поведението на учениците | физичко присуство | групна |
| Изготвување на месечни планирања; Унапредување на стручната дејност | Изготвување на месечни планирања | септември - мај | Педагог | Податоци | Унапредување на работата | физичко присуство | индивидуално |
| Реализација на новата концепција | Реализирање на анкета | февруари | Педагог Наставници БРО | Анкета | Имплементација на новата концепција | онлајн | индивидуална |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Следење на наставата | Посета на часови | декември март април | Педагог | ИКТ, Чек листи | Следење на успехот | физичко присуство | групна |
| Усвојување на читање | Проверка на читањето во второ одд | април | Педагог | Чек листа Текст | Читање со разбирање | физичко присуство | индивидуална |
| ЗОО | Упис на првачиња | мај | Педагог | Податоци | Промоција на училиштето | физичко присуство | индивидуална |

## Годишен извештај за работата на психолог за учебната 2022/2023 година

Своите работни задачи ги реализираше согласно Годишната програма за работата на училиштето и сопствената годишна програма. Стручната работа на психологот е целосно испланирана по подрачја и по месеци и се реализира преку информативна и советодавна работа со наставниците, учениците и родителите и аналитичко – истаржувачка работа.

| Реализирана програмска активност | Цели | Време на реализација | Форми на работа и ресурси | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување на годишна програма за работа на психологот | Унапредување на стручната дејност | Јули 2022 | Индивидуална Стручна литература. Програми | Професионален развој |
| Изготвување на месечни планирања | Унапредување на стручната дејност | Во текот на учебната годината | Индивидуална Програми | Професионален развој |
| Изготвување на програма за надарени и талентирани ученици | Унапредување на едукативната дејност | Септември 2022 | Индивидуална Документи и стрчна литература | Потикнување н апотенцијалите на учениците |
| Изготвување на програма за ученици со посебни образовни потреби – пречки во рзвојот | Унапредување на едукативната дејност | Септември 2022 | Индивидуална Документи и стрчна литература | Когнитивниот развој кај учениците со посебни образовни потреби – пречки во развојот |
| Изготвување на програма за ученици со потешкотии во учењето | Унапредување на едукативната дејност | Септември 2022 | Индивидуална Документи и стрчна литература | Постигнување на подобри резултати |
| Изготвување на програма за професионална ориентација на ученици | Унапредување на едукативната дејност | Септември 2022 | Индивидуална Документи и стрчна литература | Помош и насочување на учениците кон идно занимање |

| | | | | |
